ВРХОВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03 бр. 362/2017
15.06. 2017 год.
СКОПЈЕ

# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд, како највисок суд во Републиката. Таа положба е битна и одговорна токму за оценката како функционираат судовите во Република Македонија, дали тие се ажурни и квалитетни во обезбедувањето на правдата и заштитата на основните човекови права и слободи, како и во обезбедувањето на правната сигурност на граѓаните на Република Македонија.

На овој план, како во последните години, така и за извештајната 2016 година, податоците во рефератите по извештаите покажуваат дека судовите во Република Македонија вложиле голем труд со што се констатира дека скоро сите судови со постоечките персонални, материјални и финански услови за работа, успеале да го совладат приливот на нови предмети, а решавале и од заостатокот со што ажурно ја завршиле 2016 година.

Но, секако останува впечатокот дека со обновувањето на информатичката опрема, пополнувањето на судовите со соодветен кадар, по упразнувањето на работните места со исполнување на условите за пензионирање, со континуирана едукација, како и со подобрување на материјалната и финансиска состојба, ќе може да се постигнат уште подобри резултати.

- Судовите 2016 година ја започнале со 128.649 предмети. Во текот на 2016 година вкупно примени се 459.481 предмет. Погрешно заведени предмети се 437 предмети и повторно во работа 4.552 предмети. Во 2016 година судовите имале вкупно во работа 592.245 предмети, а решени се 472.556 предмети. Останале нерешени 119.689 предмети. Со тоа, судовите во 2016 успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 13.075 предмети.

- Вишиот Управен суд ја почнал 2016 година со 1095 предмети од 2015 година. Во текот на 2016 година примил **4.388** предмети, вкупно во работа имал 5.483 предмети од кои решил

4.492 предмети, со што останале нерешени 991 предмет и го намалил заостатокот за 104 предмети.

- Управниот суд ја почнал 2016 година со **9.860** нерешени предмети, примил нови **11.001** предмет, имал погрешно заведени **52** предмети и **244** предмети повторно во работа, со што вкупно во работа имал **21.053** предмети. Решили 11.905 предмети и го намалил заостатокот за 904 предмети.

- Апелационите судови 2016 година ја започнале со нерешени **9.399** предмети, примиле нови **25.739**, имало **19** погрешно заведени предмети и **73** предмети повторно во работа, со што вкупно во работа имале **35.192** предмет. Во 2016 година Апелационите судови решиле **27.418** предмети, а останале нерешени **7.774** предмети, со што Апелационите судови го намалиле заостатокот за **1.679** предмети.

- Основните судови 2016 година ја започнале со нерешени **108.295** предмети, примиле нови **418.353** предмети, имале **366** погрешно заведени предмети и 4.235 предмети повторно во работа или во 2016 година имале вкупно во работа **530.517** предмети. Од овие решени се **428.741** предмет, со што останале нерешени **101.776** предмети. Со тоа основните судови го намалиле заостатокот за **10.388** предмети.

Од ваквиот компаративен преглед, произлегува дека во 2016 година скоро сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, освен следните судови:

Основниот суд Скопје II Скопје не успеал да го совлада приливот на нови предмети, со што го зголемил заостатокот за 1.369 предмети ( бројот на предмети за решавање).

Основниот суд Куманово го зголемил заостатокот за 299 предмети,

Основниот суд Неготино за 266 предмети,

Основниот суд Кичево за 254,

Основниот суд Тетово за 900,

Основниот суд Берово за 291,

Основниот суд Виница за 109 и

Основниот суд Кочани за 58.

**ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУДОВИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

| Р.бр. | Суд | Нерешени | новопримени | повторно во работа | погрешно заведени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7((3+4+5)-6) | 8 | 9(7-8) | 10(8-4) |
| 1. | АС Битола | 659 | 5.262 | | 9 | 5.912 | 5.480 | 432 | 218 |
| 2. | АС Гостивар | 809 | 4.001 | | | 4.810 | 4.589 | 221 | 588 |
| 3. | АС Скопје | 7.416 | 13.346 | 73 | 10 | 20.825 | 13.979 | 6.846 | 633 |
| 4. | АС Штип | 515 | 3.130 | | | 3.645 | 3.370 | 275 | 240 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **9.399** | **25.739** | **73** | **19** | **35.192** | **27.418** | **7.774** | **1.679** |
| 1. | ОС Скопје I Скопје | 42.209 | 89.390 | 787 | 15 | 132.371 | 95.110 | 37.261 | 5.720 |
| 2. | ОС Скопје II Скопје | 13.597 | 42.748 | | | 56.345 | 41.379 | 14.966 | -1.369 |
| 3. | ОС Велес | 2.489 | 14.012 | 324 | 5 | 16.820 | 14.574 | 2.246 | 562 |
| 4. | ОС Гевгелија | 588 | 10.261 | 69 | 1 | 10.917 | 10.457 | 460 | 196 |
| 5. | ОС Кавадарци | 1.375 | 8.326 | 63 | 3 | 9.761 | 8.570 | 1.191 | 244 |
| 6. | ОС Кратово | 160 | 1.747 | 21 | | 1.928 | 1.770 | 158 | 23 |
| 7. | ОС Крива Паланка | 676 | 4.635 | 96 | 2 | 5.405 | 4.737 | 668 | 102 |
| 8. | ОС Куманово | 5.720 | 32.505 | | 13 | 38.212 | 32.206 | 6.006 | -299 |
| 9. | ОС Неготино | 1.263 | 4.804 | 29 | 4 | 6.092 | 4.538 | 1.554 | -266 |
| 10. | ОС Гостивар | 7.586 | 32.648 | 435 | 32 | 40.637 | 34.366 | 6.271 | 1.718 |
| 11. | ОС Дебар | 342 | 5.158 | 60 | | 5.560 | 5.267 | 293 | 109 |
| 12. | ОС Кичево | 869 | 14.254 | 304 | 11 | 15.416 | 14.000 | 1.416 | -254 |
| 13. | ОС Тетово | 5.179 | 23.780 | 642 | 170 | 29.431 | 22.880 | 6.551 | -900 |
| 14. | ОС Битола | 4.727 | 21.892 | 529 | 16 | 27.132 | 23.354 | 3.778 | 1.462 |
| 15. | ОС Крушево | 231 | 1.119 | 12 | | 1.362 | 1.172 | 190 | 53 |
| 16. | ОС Охрид | 6.076 | 14.515 | | 15 | 20.576 | 16.518 | 4.058 | 2.003 |
| 17. | ОС Прилеп | 3.558 | 17.641 | | 23 | 21.176 | 17.916 | 3.260 | 275 |
| 18. | ОС Ресен | 628 | 2.976 | 40 | 1 | 3.643 | 3.071 | 572 | 95 |
| 19. | ОС Струга | 1223 | 6.558 | 176 | 14 | 7.943 | 6.935 | 1.008 | 377 |
| 20. | ОС Берово | 278 | 3.129 | 28 | | 3.435 | 2.838 | 597 | -291 |
| 21. | ОС Виница | 248 | 2.955 | 34 | | 3.237 | 2.846 | 391 | -109 |
| 22. | ОС Делчево | 956 | 5.099 | 65 | | 6.120 | 5.158 | 962 | 59 |
| 23. | ОС Кочани | 1.257 | 11.255 | 117 | 2 | 12.627 | 11.197 | 1.430 | -58 |
| 24. | ОС Радовиш | 608 | 7.482 | 139 | 2 | 8.227 | 7.745 | 482 | 263 |
| 25. | ОС Св. Николе | 448 | 3.065 | 56 | 8 | 3.561 | 3.157 | 404 | 92 |
| 26. | ОС Струмица | 3.251 | 23.053 | 209 | 27 | 26.486 | 23.616 | 2.870 | 563 |
| 27. | ОС Штип | 2.753 | 13.346 | | 2 | 16.097 | 13.364 | 2.733 | 18 |
| | **Вкупно предмети основни судови** | **108.295** | **418.353** | **4.235** | **366** | **530.517** | **428.741** | **101.776** | **10.388** |
| | суд | Нерешени | новопримени | повторно во работа | погрешно заведени | вкупно во работа | Решени предмети | нерешени предмети | не/совладан прилив |
| 1. | Виш Управен суд | 1095 | 4.388 | | | 5.483 | 4.492 | 991 | 104 |
| 2. | Управен суд на РМ | 9.860 | 11.001 | 244 | 52 | 21.053 | 11.905 | 9.148 | 904 |
| | ***Вкупно:*** | ***128.649*** | ***459.481*** | ***4.552*** | ***437*** | ***592.245*** | ***472.556*** | ***119.689*** | ***13.075*** |

## ВИШ УПРАВЕН СУД

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Вишиот управен суд од претходната 2015 година останале нерешени 1095 предмети. Во текот на 2016 година примени се 4388 предмети, така што вкупно во работа биле 5.483 предмети. Во 2016 година решени се 4.492 предмети, а останале нерешени 991 предмет.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 427,8 предмети, а по судија 38,9 предмети.

### 2. Судска управа

Во извештајниот период во Вишиот управен суд примени се 1.433 предмети од областа на судската управа од кои во уписникот "Су" се заведени 1190, во уписникот "Су.Стр.Дов" се заведени 5 предмети, во уписникот "УПП" се заведени 229 и во уписникот "СПИ" се заведени 9 предмети. Сите предмети од судската управа се решени.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работата

Работата по предметите во Вишиот управен суд се одвива во три специјализирани судски оддели.

#### 3.1. Оддел за имотно–правна област и други права

Во овој оддел постапуваат два совети. Во извештајниот период во овој оддел се примени 1.527 предмети, од кои се решени 1.558 предмет.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 148.3 или по судија 37 предмети.

#### 3.2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права

Во овој оддел постапуваат два совети. Во извештајниот период во овој оддел се примени 1.366 предмети, се решени 1.510 предмети.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 143,8 или по судија 35,9 предмети.

#### 3.3. Оддел за финансиски, царински, даночни и други права

Во овој оддел постапува еден совет. Во извештајниот период во овој оддел се примени 1.495 предмети, а решени се 1.424 предмети.

Месечниот просек на решени предмети во овој оддел е 135,6 или по судија 45,2 предмети.

### 4. Состојба со стари предмети

Во овој суд од 2015 година останале нерешени 17 предмети кои административно биле вратени во Управниот суд. Само 1 предмет бил вратен во месец ноември 2016 година кој не бил решен. Останатите 16 предмети не биле вратени до крајот на извештајниот период.

### 5. Човечки ресурси

По однос на човечките ресурси, односно кадровската екипираност во судот се избрани 12 судии и Претседател на судот. На еден судија судиската функција му е во мирување, затоа што е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Вишиот управен суд се предвидени 53 извршители, од кои пополнети се 13. Во 2016 година поднесено е барање до Судскиот буџетски совет и Судскиот совет на Република Македонија за пополнување на најприоритетните слободни работни места, но согласност не е добиена.

### 6. Услови за работа

Вишиот управен суд работите од со закон утврдената надлежност, ги остварува во деловен простор од 484 м2. кој се состои од 17 работни простории и 3 помошни простории.

Опремен е со канцелариски мебел, компјутери и друга техничка опрема потребна за нормално функционирање на судот.

**7. Заклучни согледувања**

Во споредба со 2015 година, приливот на предмети е зголемен за 39 предмети.

Зголемен е бројот на решени предмети за 1156 и приливот е совладан во целост, а заостатокот е намален за 105 предмети.

Судиите немаат судски соработници.

Просторните услови за работа не ги задоволуваат потребите на судиите ако се има во предвид дека во една просторија се сместени по двајца судии.

Според бројот на нерешени предмети Вишиот управен суд е со 2.3 месечен заостаток.

**8. Предлог мерки**

1. Итно кадровско екипирање на судот со судски советници и соработници.
2. Континуирана едукација на судиите и останатите вработени во судот;
3. Постојано да се следи месечниот прилив на предмети кој се зголемува, како би можело навремено да се интервенира со распоредувањето и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;
4. Судот почесто мериторно да ги решава управните работи;
5. Како и претходната и оваа година, ја потенцираме потребата од навремено и трајно сместување на овој суд и Управниот суд во иста зграда и
6. Воспоставување електронска интерконекција на органите со Управниот суд и Вишиот управен суд.

**<u>УПРАВЕН СУД</u>**

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во текот на 2016 година во Управниот суд се примени 11001 предмет, од претходната година останале нерешени 9.860 предмети, повторно заведи предмети се 244, погрешно заведени предмети се 52 или вкупно во работа биле 21.053 предмети, од кои 11.905 предмети се решени, а останале нерешени 9.148 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на суд изнесува 1133,8 предмети.

Во извештајниот период по жалба биле решени 4195 предмети од кои потврдени 3133 или 74,72%, преиначени 565 или 13,47%, укинати 167 или 3,98%, делумно укинати 6 или 0,14 % и отфрлени 320 или 7,63%.

**2. Судска управа**

Во извештајниот период во судската управа се примени 1320 предмети евидентирани во уписниците "Су", решени се 1315, а останале нерешени 8 предмети. Во уписникот "Су-Дов" и "Су-Стр.Дов. евидентирани се 7 предмети и истите се решени. Во уписникот "Су-ИЗЗ" евидентирани се 19 предмети и истите се решени. Во уписникот „УПП" евидентирани се 871 новопримени предмети, решени се 879. Во уписникот "СПИ" евидентирани се 22 нови предмети, решени се 23 предмети.

**3. Предметно работење на ниво на оддел**

Работата по предметите во овој суд се одвива во четири специјализирани оддели и тоа:

**3.1. Оддел за имотно–правна област и други права, урбанизам, градежништво и други права**

Во овој оддел постапуваат два совета. Советот кој постапува по предметите од имотно-правната област и други права решил 1293 предмети, а останале нерешени 1193 предмет. Советот кој постапува по предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други права решил 1566 предмети, а останале нерешени 1035 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 272 предмети.

Во овој оддел од 784 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 605 или 79%, преиначени се 83 или 8,74%, укинати се 28 или 3,51%, делумно укинати се 21 или 3,65% и отфрлени 64 или 8,16 %.

**3.2. Оддел за денационализација и други права**

Во овој оддел решени се 1523 предмети, а останале нерешени 973 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 145 предмети.

Во овој оддел од 606 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 410 или 67,66 %, преиначени се 124 или 20.45 %, укинати 41 или 6,77 % и отфрлени 31 или 5,12 %.

**3.3. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царина и други права**

Во овој оддел функционираат два совети. Советот кој постапува по предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права решил 2048 предмети, а останале нерешени 846 предмети. Советот кој постапува по предметите од областа на царините и други права решил 1749 предмети, а останале нерешени 2.334 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 361,6 предмети.

Во овој оддел од 1309 предмети, вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 990 или 75,74 %, преиначени се 215 или 16.31 %, укинати 36 или 2,74 %, делумно укинати 3 или 0,46% и отфрлени 65 или 4,97 %.

**3.4. Оддел за јавни набавки и други права**

Во овој оддел вкупно биле решени 3724 предмети, а останале нерешени 2767 предмети.

Просекот на решени предмети месечно на ниво на оддел изнесува 354,6 предмети.

Во овој оддел од 1247 предмети вратени од по жалба од Вишиот управен суд, потврдени се 924 или 74,10 %, преиначени 126 или 10,10 %, укинати 55 или 4,41%, делумно укинати 1 или 0,08% и отфрлени 141 или 11,31%.

## 4. Состојба со стари предмети

На почетокот од извештајниот период останале 73 стари предмети. Во текот на годината статус на стари предмети добиле 327 предмети или вкупно 400 од кои се решени 343 предмети, а на крајот од 2016 година останале нерешени 57 предмети.

## 5. Човечки ресурси

Од аспект на кадровската екипираност на судот, односно човечките ресурси, во 2016 година покрај Претседателот на судот, постапувале и 28 судии. На 1 судија му мирува судиската функција, бидејќи во 2015 година е избран за Претседател на Вишиот управен суд, а 1 судија во 2015 година е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија. Во текот на 2016 година во Управниот суд е избран 1 судија, а на 1 судија му престанала судиската функција во овој суд, бидејќи е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Според Правилникот за систематизација на работните места, во Управниот суд се предвидени 134 извршители од кои се пополнети 59, а 75 се непополнети.

Во третиот квартал од 2016 година бројот на вработените во судската служба е зголемен за 2 лица и на 2 судски службеници им престанал работниот однос. Имајќи го во предвид обемот на работа, бројот на вработените судски службеници, од сите со закон предвидени категории, е недоволен што негативно се одразува на севкупното работење на судот. Наведената состојба е присутна подолг период. Доаѓа до застој во движењето на предметите и пречекорување на предвидените рокови за постапување.

## 6. Услови за работа

Во извештајниот период Управниот суд своите надлежности определени со закон, ги обавува во истите простории од неговото основање. Претходно констатираниот проблем за неадекватноста на просторните услови за нормално и ефикасно функционирање на овој суд, продолжува и во 2016 година.

Во функција е ставен системот на скенирање на поднесоците примени во судот и нивно електронско поврзување со соодветните предмети веќе евидентирани во АКМИС.

Започнато е со електронска достава на адвокатите регистрирани на порталот за електронска достава.

Во изминатиот период судот се соочува со проблеми во врска со работата на компјутерската опрема која со оглед на старостa и дотраеноста во поголем дел е нефункционална и потребна е нејзина замена.

### 7.Заклучни согледувања

Во извештајниот период не е решен проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд, што беше констатирано и во извештаите за работа на овој суд од претходните години.

Ако се има во предвид дотраеноста на електричната инсталација, протекувањето при обилни врнежи од дожд, нефункционирањето на системот за греење и ладење овој проблем се повеќе се изострува.

Поради недоволната кадровска екипираност доаѓа до застој во движењето на предметите и пречекорување на предвидените рокови за постапување. Приливот на предмети споредено со претходната година е намален за 1181 предмет. Бројот на решени предмети е намален за 1292 предмети. Приливот е совладан во целост, а заостатокот намален за 712 предмети.

Во споредба со 2015 година, во извештајниот период квалитетот на одлуките е подобар.

### 8. Предлог мерки

1. Да се реши проблемот со несоодветно просторно сместување на вработените во Управниот суд;
2. Зајакнување на човечките ресурси со кадровско екипирање на судот;
3. Континуирана едукација на судиите и вработените во судот
4. Судот почесто мериторно да ги решава управните работи со што би се обезбедило постапување во разумен рок во управно – судската постапка;
5. Постојано да се следи месечниот прилив на предмети, како би можело навремено да се интервенира со распоредување и подеднакво оптоварување на судиите и вработените во судската служба;
6. Да се решат старите предмети;
7. Да се воспостави електронска интерконекција на органите на управата со Управниот суд и Вишиот управен суд.

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

### 1.Предметно работење на ниво на суд

Во извештајната 2016 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 20.825 предмети, од кои 7.416 предмети кои како незавршени се пренесени од претходната година (во кои 6 се погрешно заведени), 13.346 новопримени предмети ( во кои 4 се погрешно заведени) и 73 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 13.979 предмети и тоа 13.891 редовни предмети и 88 од предметите повторно земени во работа, што е за 2.151 предмет помалку во однос на претходната година, а се должи на непополнетиот број на судиски места утврдени за овој суд

Заклучно со 31.12.2016 година останале 6.846 незавршени предмети, што претставува намалување на заостатокот незавршени предмети за 570 предмети во однос на претходната година.

### 2.Судска управа

**- Кривичен оддел**

Во текот на 2016 година судот имал во работа вкупно 3.748 предмети, кои се решени во извештајната година.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работата

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал и кривични предмети- деца

Во кривичниот оддел во извештајната година, вкупно во работа имало 1.392 кривични предмети (КЖ) од кои 218 предмет се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.169 предмети се новопримени ( од кои еден е погрешно заведен) и 6 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 1.197 предмети, што значи дека приливот е совладан, а на крајот на годината останале нерешени 195 предмети кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога судот имал во работа вкупно 2.007 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 615 предмети. Приливот на новопримени предмети е помал за 441 предмет во однос на претходната година, кога се примени 1.616 предмети. Бројот на решени кривични предмети е намален за 592 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 218 предмет, во извештајната година бројот на нерешени кривични предмети е намален за 23 предмети, односно останати се како нерешени 195 предмети.

Во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал(КОКЖ), во кој во работа имало вкупно 83 предмети, од кои 63 предмети се примени во извештајната година, а 20 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од предметите во работа завршени се 73 предмети, што значи дека го совладал приливот, а како нерешени останале 10 предмети. Во однос на претходната година, во извештајната година обемот на работа е намален за 57 предмети, приливот на нови предмети е помал за 49 предмети, а бројот на решени предмети е намален за 47 предмети, при што и бројот на нерешени предмети е намален за 10 предмети.

Исто така, во рамките на кривичен оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривични предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 31 предмети, сите се новопримени предмети и сите се решени до крајот на извештајниот период.

Во рамките на овој оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочните предмети (ПРКЖ). Во текот на 2016 година во работа имало вкупно 4.319 предмети, од кои 1.365 предмети се пренесени од претходната година, 2950 се новопримени предмети и 4 предмети биле повторно во работа. Судот решил 2.375 предмети, односно не го совладал приливот, а на крајот на годината 1.944 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена за наредната година. Во однос на претходната година кога судот имал во работа 4.128 предмети, обемот на работа во извештајната година е зголемен за 191 предмети, како последица на што е зголемен и бројот на нерешени предмети за 579 предмети во однос на претходната година.

Квалитет на работење во кривичниот оддел

Во извештајната година предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 151 одлука на Апелациониот суд Скопје, што претставува 3,43% од вкупниот број 4.406 донесени одлуки во извештајната година. Од тие одлуки, 134 биле потврдени, (што претставува 88,74% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, односно 3.04% од вкупно решени предмети), 15 одлуки биле укинати, (што претставува 9.93% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,34% од вкупно решените предмети) и 2 одлуки се преиначени, (што претставува 1.32% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,05% од вкупно решените предмети).

**- Граѓански оддел**

Граѓански предмети

Во текот на 2016 година судот имал во работа вкупно 8.355 граѓански предмети од кои 3.386 предмети(од нив 3 се погрешно заведени) се пренесени како нерешени од претходната година, 4.955 предмети( од кои 2 се погрешно заведени) се новопримени и 19 предмети повторно во работа, при што судот вкупно решил 5.888 предмети, односно го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 2.467 предмети, кои се пренесуваат за наредната година. Во однос на претходната година, кога во овој оддел во работа имало вкупно 9.264 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 909 предмети. Притоа, приливот во извештајната година е намален за 1.739 предмети во однос на претходната година, кога биле примени 6.713 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 10 предмети во однос на претходната година, приливот е совладан, а намален е бројот на предмети кои останале во работа на крајот на

извештајниот период за 919 предмети во однос на 3.386 предмети кои останале во работа на крајот на 2015 година.

Работни спорови

Во текот на 2016 година судот имал вкупно во работа 1.921 предмет, од кои 979 предмети( од кои 2 се погрешно заведени) биле пренесени од претходната година, 929 предмети се новопримени и 15 предмет повторно во работа, при што судот решил вкупно 1.148 предмети, го совладал приливот, а на крајот на годината останале нерешени 773 предмети кои се пренесуваат за наредната година, при што приливот е совладан.

Во однос на претходната година, обемот на работа е намален за 453 предмети, приливот е намален за 656 предмети, намален е и бројот на решени предмети за 247 предмети, а намален е и бројот на предмети кои останале во работа за 204 предмети, во однос на претходната година.

Квалитет на работење во граѓанскиот оддел

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 260 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 3,69% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година. од кои 186 биле потврдени,(што претставува 71,54% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,64% од вкупно решените предмети). 43 одлуки биле укинати, (што претставува 16,54% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,61% од вкупно решени предмети) и 31 одлука биле преиначени,(што претставува 11.92% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,44% од вкупно решените предмети).

**- Оддел за трговски спорови**

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2016 година, во работа имал вкупно 3.976 предмети, од кои 1.431 предмет биле пренесени како нерешени од претходната година, 2.519 предмети се новопримени и 28 предмети повторно во работа , при што судот решил 2.525 предмети и го совладал приливот, па на крајот на годината останале 1.451 нерешен предмет кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога судот имал во работа 4.820 од овој вид на предмети, во извештајната година обемот на работата е намален за 844 предмети. Приливот на предмети во извештајната година е намален за 598 предмет во однос на претходната година. Бројот на решени предмети по трговски спорови е намален за 864 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.618 предмети. На крајот на извештајната година останале 1.451 нерешени предмети, што е за 20 предмети повеќе во однос на претходната година.

Квалитет на работење во одделот за трговски спорови

Предмет на оценка од страна на Врховниот суд на Република Македонија по повод изјавени правни средства биле 160 одлуки на Апелациониот суд, што претставува 6,34% од вкупниот број донесени одлуки во извештајната година, од кои 119 биле потврдени,(што претставува 74,38% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 4,71% од вкупно решените предмети), 27 одлуки биле укинати, (што претставува 16.88% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,07% од вкупно решени предмети) и 14 одлуки биле преиначени,(што претставува 8,75% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,55% од вкупно решените предмети).

**4.Состојба со стари предмети**

Во текот на 2016 година, судот имал вкупно во работа 9.349 стари предмети, и тоа 4.029 ГЖ предмети, 1.790 ТСЖ предмети, 1.298 РОЖ предмети, 103 ЮЖ предмети, 16 КОЮЖ предмети, 2 КСЖ предмет и 2.111 ПРКЖ предмети.

Во извештајната година од 9.349 стари предмети, 2.054 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 7.295 предмети во текот на извештајната година поминал периодот од 6 месеци од прием на предметите во судот. Вкупно биле завршени 6.425 стари предмети, а останале нерешени 2.924 нерешени стари предмети.

**5. Човечки ресурси**

Во извештајната година, судиската функција ја извршувале 39 судии, во кои е вклучен и Претседателот на судот, односно со 13 судии помалку од предвидените со актот за систематизација и одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на РМ.

Согласно актот за систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, предвидени се вкупно 61 место за стручни судски службеници (виш судски советник, судски советник, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник), од кои пополнети се 34 работни места, а неполнети се 27 работни места.

Заклучно со 31.12.2016 година, во администацијата, вработени се 46 лица.

Во Управата на судската зграда со состојба на 31.12.2016 година, евидентирани се 20 вработени лица.

### 6. Просторни капацитети

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, со тоа што и во извештајната година како и подолг период наназад, просторните капацитети не задоволуваат, со оглед што во истата зграда функционираат и други институции кои заземаат голем дел од просторот, за вршење на работите од својата надлежност.

### 7. Заклучни констатации со предлог мерки

Во извештајната 2016 година Апелациониот суд Скопје имал во работа 20.825 предмети, која бројка ја сочинуваат:

-7.416 предмети пренесени како незавршени од претходната година(од кои 6 се погрешно заведени),

-13.346 новопримени предмети (од кои 4 се погрешно заведени) и

-73 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната 2016 година, од вкупниот број предмети во работа, судот решил 13.979 предмети и тоа 13.891 редовни предмети и 88 од предметите повторно земени во работа, што значи дека го совладал приливот, па судот се смета за ажурен суд .

Во текот на извештајната година, поаѓајки од бројот на решени предмети и просечниот број на судии кои постапувале по истите, 39 судии, во кои е вкучен и Претседателот на судот, произлегува дека судиската функција ја извршувале со засилен ангажман, преку надминување на ориентационата норма.

Заради негово поефикасно и поажурно работење, за подобрување на состојбата со стари предмети, а особено за постапување по предметите во разумен рок, неопходно е пополнување на бројот на носители на судиската функција согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година, со која е утврдено судиската функција да ја вршат Претседателот на судот и 51 судија . Воедно, потребно е судот да се доекипира со непополнетиот стручен судски кадар, со оглед да во извештајната година судот работи со малку над 50 проценти од стручните судски службеници предвидени со систематизацијата на Апелациониот суд Скопје, како и пополнување на испразнетите работни места на судските референти-дактилографи.

## <u>ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ</u>

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основен суд Скопје I Скопје вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 42.209 предмети. Бројот на новопримени предмети 89.390, предмети повторно во работа 787, од кои 15 се погрешно заведени. Вкупно во работа има 132.371 предмети. Вкупниот број на решени предмети изнесува 95.110 предмети, со што како нерешени предмети останале 37.261 предмети.

### 2. Судска управа

Нерешени предмети од 2015 година, останале 97, новопримени предмети 2.736, вкупно во работа 2.833, решени 2.81, останале нерешени 22 предмети.

### 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Решени предмети 31.159, потврдени 1.450. или 4.65%, укинати 386 предмети и 1,23%, преиначени 157 предмети или 0.50 %.

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1 Оддел за кривично полнолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| к | 1962 | 2231 | 333 | 2 | 4524 | 2846 | 1678 |
| к-ооа | 16 | 125 | 0 | 0 | 141 | 120 | 21 |
| Криви-чен совет | 502 | 2463 | 0 | 1 | 2964 | 2507 | 457 |
| кр | 211 | 30355 | 0 | 0 | 30566 | 29528 | 1038 |
| зам | 130 | 176 | 0 | 0 | 306 | 223 | 83 |
| **вкупно** | **2821** | **35350** | 333 | 3 | **38501** | **35224** | **3277** |

### 4.2 Оддел за кривично организиран криминал

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| кок | 92 | 96 | 26 | 0 | 214 | 99 | 115 |
| кок-ооа | 5 | 42 | 1 | 0 | 48 | 45 | 3 |
| кс-кок | 59 | 1858 | 30 | 1 | 1946 | 1886 | 60 |
| **вкупно** | **156** | **1996** | **57** | **1** | **2208** | **2030** | **178** |

### 4.3 Оддел за кривично малолетни

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| км | 77 | 183 | 1 | 0 | 261 | 160 | 101 |
| кс-км | 1 | 12 | 0 | 0 | 13 | 11 | 2 |
| крм | 33 | 264 | 3 | 0 | 300 | 264 | 36 |
| **вкупно** | **111** | **459** | **4** | **0** | **574** | **435** | **139** |

### 4.4 Оддел за прекршоци

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **27362** | **13469** | **358** | **8** | **41181** | **23650** | **17531** |

**4.5 Оддел за истрага и претходна постапка**

| Вид на предмети (по уписник) | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ки** | 36 | 6 | 0 | 0 | 42 | 20 | 22 |
| **к-пп** | 23 | 884 | 0 | 0 | 907 | 888 | 19 |
| **оид** | 4 | 1 | 0 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| **киок** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **кок-пп** | 45 | 523 | 0 | 0 | 568 | 541 | 27 |
| **оид-ок** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **109** | **1414** | **0** | **0** | **1523** | **1451** | **72** |

**4.6 Одделение за извршување санкции**

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11553** | **33996** | **0** | **3** | **45549** | **29509** | **16040** |

## 5. Квалитет на предметите на ниво на оддел

**5.1 Оддел за кривично полнолетни**

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| к | 2846 | 335 | 11.77% | 122 | 4.28% | 83 | 2.91% |
| кривичен совет | 2507 | 147 | 5.86% | 4 | 0.15% | 3 | 0.11% |
| вкупно | 5353 | 482 | 9 % | 126 | 2.35% | 86 | 1.60% |

**5.2 Оддел за кривично организиран криминал**

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| кок | 99 | 32 | 32.32% | 16 | 16.16% | 11 | 11.11% |
| кс-кок | 1886 | 134 | 7.10% | 6 | 0.31% | 6 | 0.31% |
| вкупно | 1985 | 166 | 8.36% | 22 | 1.10% | 17 | 0.85% |

**5.3 Оддел за кривично малолетни**

| Вид на предмети (по уписник) | Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| **км** | 160 | 14 | 8.75% | 1 | 0.62% | 1 | 0.62% |
| **кс-км** | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | 171 | 14 | 8.18% | 1 | 1 % | 1 | 1 % |

**5.4 Оддел за прекршоци**

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **23650** | **820** | **3.46%** | **237** | **1 %** | **53** | **0.22%** |

**6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ**

| Вид на предмети | Број на предмети во работа | Број на решени | Остаток нерешени |
|---|---|---|---|
| К | 831 | 417 | 414 |
| **Кок** | 79 | 18 | 61 |
| **Ки** | 34 | 20 | 14 |
| **Оид** | 4 | 1 | 3 |
| **Прк** | 12122 | 6720 | 5402 |
| **Оид-ок** | 0 | 0 | 0 |
| **Ки-ок,** | 1 | 0 | 1 |
| **КОК-ПП** | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 13072 | 7176 | 5896 |

Во правец на зголемување на ефикасноста во работењето, од страна на судиите е изготвена Програма за решавање на стари предмети по која се постапувало ажурно и ефикасно, во текот на 2016 година се преземале активности за изготвување на Програма за ефикасно менаџирање со судските постапки и планирање на судските дејствија и координација на спроводите од затворите и постапувањето по наредбите за приведување, националните и меѓународните потерници, перманентно следење на времетраењето на постапката, интензивирање на процесот на насрочување на предметите заради реализација на начелото на судење во разумен рок, ефикасно и брзо спроведување на судската постапка во сите фази, ажурирање на доставата и надзор врз истата, надзор над динамиката на превземените активности, одржување на континуирани состаноци и работни средби по однос на проблемски теми и проблеми во тековното работење, колегиуми и стручни советувања на ниво на оддели заради размена и усогласување на ставови, мислења и искуства за тековни прашања и воедначување на судската пракса, лоцирање на проблемите и причините за одолговлекување на постапката, превземање на мерки околу ажурирање на изготвувањето на вештачењата од страна на постојните судски вештаци, информирање на надлежните органи при стручните установи за ажурирање на изготвувањето на вештите наоди и мислења, ангажирање на судските соработници во однос на изготвување на одлуките, надзор на доставување и изготвувањето на одлуките согласно предвидените рокови во Законот за кривичната постапка и превземање дополнителни мерки и активности заради квалитетно водење на постапката од кои во голем процент зависи успешното постапување на судот.

Оваа проблематика ја следи на дневна база формираната Аналитичка канцеларија за што се доставува извештај до Претседателот на судот и до Судски совет на РМ.

### 6. Кратки констатации за човечки ресурси

На почетокот на 2016 година , во одделението за организиран криминал и корупција, по предметите постапуваа вкупно 11 - судии, од кои 3 - судии во истрага и претходна постапка и 8 - осум судечки судии, во Кривичниот оддел полнолетни – 22 судии, во Кривичниот оддел за малолетници - 2 судии, во Истражниот оддел 5 судии кои постапуваа и по прекршочни предмети од областа ПРК-Ј и ПРК-О, 3 судии во Претходна постапка, во Прекршочниот оддел 14 судии и во Одделот за извршување на санкции 2 судии. На крајот на извештајната година во во одделението за организиран криминал и корупција, по предметите постапуваа вкупно 11 - судии, од кои 4 - судии во истрага и претходна постапка и 7 - осум судечки судии, во Кривичниот оддел полнолетни - 22 судии, во Кривичниот оддел за малолетници - 2 судии, во Истражниот оддел 4 судии кои постапуваа и по прекршочни предмети од областа ПРК-Ј и ПРК-О, 4 судии во Претходна постапка, во Прекршочниот оддел 11судии област ПРК-С и 8 судии област ПРК-Ј иПРК-О и во Одделот за извршување на санкции 2 судии.

Во текот на 2016 година беа испразнети места на 6 -пет судии, од кои 4-четири судии поради исполнување на услови за старосна пензија,1-еден судија поради разрешување од судиска функција по негово барање и 1 судија поради избор во повисок суд. Покрај судискиот кадар во Основниот суд Скопје 1 Скопје се вработени вкупно 326 лица кои што извршуваат стручни и администативно-технички работи.

### 8. Просторни капацитети

Во текот на 2016 година во насока на подобрување на просторните услови за непречено извршување на работните обврски, континуирано преку согледувања, предлози и работни состаноци до Министерството за правда кое е носител на проектот за изградба и опремување на новата судска зграда, се доставени практични решенија за унапредување на условите кои се предвидуваат во новата судска зграда кои како проект не беа во согласност со новите стандарди за судско работење и управување, а секако се во насока за модернизирање на судските услови, при што министерството во текот на 2016 година ги прифати и имплементираше сите барања доставени од судот. Во текот на 2016 година се превземени и активности за подобрување на просторните услови во постојниот судски објект заради непречено извршување на работните обврски од страна на сите вработени, генерално во постојната судска зграда е воведен електронски систем за пристап до работно место и евиденција на време поминато на работното место во судската зграда што секако ја зголеми и ефикасноста во работењето

### 9. Заклучни констатации

Основниот суд Скопје I Скопје извештајната година ја започна со 42.209 предмети од претходната година, а со новопримените 89.390 предмети, 787 предмети повторно во работа и 15 погрешно заведени или вкупно во работа 132.369 предмети. Во текот на годината решени се 95.110 предмети, со што е совладан приливот по предмети и го намалил заостатокот за 5.720 предмети, поради што судот се смета за **ажурен суд.**

Во однос на квалитетот во работата на Кривичниот оддел – полнолетни, го задржал релативно високиот квалитет, како и во другите оддели и Кривичниот совет што произлегува од прикажаните показатели во однос на обжалените одлуки, бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки.

Заради зголемување на ефикасноста во работењето, потребно е во најкус рок да се решат проблемите со просторните капацитети, односно пуштање во употреба на новата зграда, што ќе овозможи и ставање во функција на опремата и технологијата кои се поставени, но се врзани со новиот објект.

Во однос на човечките ресурси потребно е да се вработи Судски администратор со оглед на тоа дека се работи за голем суд, околу 400 вработени.

## ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ

### 1. Предметно работење на ниво на суд

• Од претходната 2015 година, во Основен суд Скопје 2 останале нершени 13597 предмети.

• Во текот на 2016 година, во Основен суд Скопје 2 се оформени и примени во работа 42748 нови предмети.

• Во текот на 2016 година, во работа биле вкупно 56345 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупно се решени 41379 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупниот број на нерешени предмети е 14966.

• Во текот на 2016 година, Основниот суд Скопје 2, не го совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 1369 предмети.

### 2. Судска управа

• Од претходната 2015 година, во Основен суд Скопје 2 останале нершени 15 предмети.

• Во текот на 2016 година, во Основен суд Скопје 2 се оформени и примени во работа 3372 нови предмети.

• Во текот на 2016 година, во работа биле вкупно 3387 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупниот број на нерешени предмети е 31.

• зголемен е остатокот за 16 предмети

**- Квалитетот во рабата на ниво на судот**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, од 6373 предмети: Потврдени се 4886 односно 76,67% , преиначени се 318, односно 4,99% , укинати се 873 односно 13,70%.

### 3. Состојба со стари предмети

Во текот на извештајната година во судот вкупно во рабата имале 4053 предмети со статус стари предмети, од кој 1879 од претходната година што останале не решени, а 2174 се примени во текот на 2016 година, а решени се 2075 предмети останале нерешени 1978 предмети.

И со старите предмети не е совладан приливот и е зголемен остатокот на стари предмети за 99 предмети

### 4. Кратки констатации за човечки ресурси

Во текот на 2016 година судот своите законски надлежнсти ги извршувал со 72 судии од утврдените 77 според систематизација. Исто така во текот на извештајна година со Одлука на Судскиот совет во Основниот суд Скопје 2 времено беа упатени 4 судии од другите основни суда и тоа: Основен суд Крива Паланка, Кратово, Куманово и Тетово. А што се однесува за судските службеници од вкупен број предвидени со актот за систематизаци од 581, се пополнети 311 и 25 со договор на определено време.

### 5. Просторни капацитети

Основниот суд Скопје нема просторни можности за преземање на нотарската архива, исто така има потреба за ИТ опрема компјутери и монитори.

### 6. Заклучни констатции со предлог мерки

**Основниот суд Скопје 2 Скопје** во текот на 2016 година не успеал да го совладува приливот на предметите и го зголемил заостатокот на предметите за 1369 предмети и е **неажурен суд**. Како мерки кои ги предлагам за надминување на слабостите се: Избор на судии, вработување на судски службеници, изнаоѓање на простор за архивата.

## ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Нерешени предмети на почетокот на годината 2.489 предмети, ново примени предмети 14.012, предмети повторно во работа 324, погрешно заведени 5 предмети, вкупно предмети во работа 16.820, решени предмети 14.574, а останати нерешени предмети 2.246.

Во текот на 2016 година, судот успеал да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот на нерешени предмети за 243 предмети.

### 2. Судска управа

Нерешени предмети на почетокот на годината 4, ново примени предмети 1.147, погрешно заведени 1 предмет, вкупно предмети во работа 1.150 предмети, решени предмети 1.147 и останати нерешени предмети 3.

Имајќи ги во предвид податоците од табелите во текот на 2016 година совладан е приливот на предмети од судската управа и намален е остатокот на нерешени предмети за 1 предмет.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работата

**Кривичен Оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината 1.731, ново примени предмети 9.979, предмети повторно во работа 206, погрешно заведени 1 предмет, вкупно предмети во работа 11.915, решени предмети 10.616, останати нерешени предмети 1.299.

По однос на квалитетот во работата во овој оддел, од вкупно решени 2.700 предмети, потврдени се 229 или 8,5%, укинати се 86 предмети или 3,2% и преиначени 21 предмет или 0,8%.

**Граѓански Оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината 758, ново примени предмети 4.033, предмети повторно во работа 118, погрешно заведени 4, вкупно предмети во работа 4.905, вкупно решени предмети 3.958, останати нерешени предмети 947.

По однос на квалитетот во овој оддел од вкупно решените 1.731 предмет, потврдени се 426 или 24,6%, укинати се 79 или 4,6% и преиначени се 14 предмети или 0.8%.

Што се однесува до квалитетот на работењето на ниво на суд, треба да се истакне дека од вкупно решените 4.431 предмети, потврдени се 655 или 14,8%, укинати се 165 или 3,7% и преиначени се 35 или 0,8%.

### 4. Состојба со стари предмети

Нерешени на почетокот на годината 141 предмет, примени предмети 172, вкупно во работа 313 предмети, решени се 197 и останати нерешени 116 предмети.

Во текот на 2016 година на ниво на судот приливот на стари предмети е совладан и е намален остатокот на нерешени предмети за 25 стари предмети.

### 5. Кратки констатации за човечки ресурси

Со одлука на Судскиот совет на РМ од 26.11.2015 година, утврдено е судската функција во Основниот суд Велес да ја извршуваат 18 судии.

На почетокот на 2016 година потполнети се 17 судски места, со тоа што судиската функција во судот ја извршуваат 16 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, а еден судија во текот на годината функцијата ја извршуваше во Основниот суд Скопје I Скопје врз основа на Одлука за времено упатување донесена од Судскиот совет на Република Македонија.

На ден 05.09.2016 година, од страна на Судскиот совет на РМ беше извршен избор на еден судија, со што беше потполнето единственото празно судиско место.

Работата на судските службеници во рамки на одделите беше организирана во судски писарници.

### 6. Просторни капацитети

Зградата на Основен суд Велес е во добра состојба и истата е комплетно реновирана во текот на 2007,2008 и 2009 година. Сите простории се опремени со нов мебел а реновирани се и архивите во кои се сместени нови метални плакари. Секоја просторија во

судот има клима уред, судниците се добро опремени и во сите судници е инсталиран систем за тонско снимање. Судиите и судската адиминстрација своите работи и работни задачи ги извршуваат во постоони услови кои ги задоволуваат стандардите, односно канцelариите се опремени со потребен мебел и клима уред. Секој судија има своја канцеларија, а стручните судски службеници се сместени во канцеларии и тоа по два службеници во една канцеларија. Во судот има доволен број на противпожарни апарати и хидросистем за гасење на пожари кои се одржуваат согласно стандардите.

**7. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки**

Основниот суд во Велес спаѓа во редот на ажурните судови од причина што го совладал целокупниот прилив во 2016 година, а исто така го намалил и заостатокот на нерешените предмети.

**<u>ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА</u>**

**1.Предметно работење на ниво на суд**

Во текот на 2016 година во Основниот суд Гевгелија, вкупно во работа имало 10.917 предмети по сите основи, од кои: 588 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 10.261 предмет, повторно во работа се 69 предмети, погрешно е заведен 1 предмет, решени се 10.457 предмети, а останале нерешени 460 предмети.

Во однос на претходната година, кога судот во работа имал вкупно 14.036 предмети, во извештајната 2016 година обемот на предмети во работа е намален за 3.119 предмети.

**2.Судска управа**

Во текот на извештајната 2016 година, вкупно биле примени 1.337 предмети од судска управа и сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник, по истите постапувале Претседателот на судот м-р Драги Дилберов по 1.282 предмети и судијата Злата Попова по 50 предмети.

**3. Работа по оддели и квалитет во работата**

**- Кривичен оддел**

Во текот на 2016 година во кривичниот оддел вкупно во работа имало 7.492 предмети, од кои: 354 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 7.099 предмети, повторно во работа се 39 предмети, решени се 7.309 предмети, а останале нерешени 183 предмети.

Споредбено со 2015 година обемот на работа е намален за 3.017 предмети.

Во извештајната 2016 година од вкупно решени 1.140 кривични и прекршочни предмети со право на жалба, обжалени се 141 предмети или 12,37%. Од вкупниот број на решени предмети, потврдени се 99 предмети или 8,69%, укинати се 25 предмети или 2,2%, преиначени се 14 предмети или 1,23%.

**- Граѓански оддел**

Во граѓанскиот оддел во извештајната 2016 година вкупно во работа имало 2.088 предмети, од кои: 234 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, новопримени се 1.825 предмет, повторно во работа се 30 предмети, погрешно е заведен 1 предмети, решени се 1.811 предмети, а останале нерешени 277 предмети.

Споредбено со 2015 година кога вкупно во работа имало 2.219 предмети, во извештајната 2016 година обемот на работа во граѓанскиот оддел е намален за 131 предмет.

Во извештајната 2016 година од вкупно решени 733 граѓански предмети со право на жалба, обжалени се 139 предмети или 18,96%. Од вкупниот број на решени предмети, потврдени се 113 предмети или 15,42%, укинати се 15 предмети или 2,05%, преиначени се 7 предмети или 0,95%.

**4. Состојба со стари предмети**

Во извештајната 2016 година вкупно во работа имало 66 стари предмети, од кои 19 предмети пренесени како нерешени од претходниот период, новопримени се 47 предмети, решени се 43 предмети или 65,15%, а останале нерешени 23 предмети или 34,85%.

**5.Човечки ресурси**

На почетокот на извештајната 2016 година, судиската функција во Основниот суд Гевгелија (сметајќи го и Претседателот на судот), ја обавуваа вкупно 13 судии.

Поради исполнување на услови за старосна пензија со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, разрешени се судијата Никола Марковски на ден 13.07.2016 година и судијата Ѓорѓе Чурлинов на ден 05.09.2016 година, така што Основниот суд Гевгелија тековната 2016 година ја завршил со 11 судии.

По однос на судско - административниот персонал, на почетокот на извештајната 2016 година биле вработени 54 лица, од кои 46 имаат статус на судски службеник, 5 припадници на судска полиција и 3 работника - лица кои немаат статус на судски службеник.

Извештајната 2016 година поради заминување во пензија им престана работниот однос на два судски референти-дактилографи и еден хаус-мајстор.

Обезбедувањето на судската зграда го извршуваат 5 припадници на судската полиција.

**6. Просторни капацитети**

Во Основниот суд Гевгелија генерално гледано постојат добри услови за работа, како за судиите така и за останатите вработени во судот. Просторните капацитети се сместени на три спрата и тоа приземје, два спрата и подрум.

Потребна е реконструкција-санација на надворешниот дел од судската зграда, која опфаќа реконструкција на кровна конструкција и фасада, реконструкција-санација на внатрешниот дел од судската зграда, која опфаќа реконструкција на сите подни површини во писарниците и во канцелариите (без судниците), реконструкција на системот на греење-само грејните тела и на електричната инсталација, санирање на таванските површини во работниот судско-административен простор во внатрешноста на судската зграда. Исто така, неопходно е инсталирање на громобран на кровот на судската зграда.

**7. Заклучни констатации со предлог мерки**

Основниот суд Гевгелија спаѓа во редот на ажурен суд, бидејќи приливот на предметите во тековната 2016 година во целост го има совладано, така да останале нерешени 460 предмети. Квалитетот на пресудувањето е добар. Судот треба и натаму да продолжи со аржуно водење на постапките, со засилен ангажман на судиите за решавање на поголем број на предмети, како и подобрување на квалитетот на пресудувањето и постојано стручно усовршување на судиите.

## ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Основниот суд Кавадарци 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **1.375** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **8.326** предмети, погрешно заведени **3** предмети, предмети повторно во работа **63** или во работа биле вкупно **9.761** предмети, од кои биле решени **8.570**, а нерешени останале **1.191** предмети. Приливот е совладан.

**2. Судска управа**

Судската управа 2016 година ја започнала без остаток од претходната 2015 година. Во тековната 2016 година примени се **217** предмети и сите се решени.

**1.3 Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети **8.570**, потврдени се **287** или **3,34%**. Укинати се **50** или **0,58%**, а преиначени **13** или **0,15%**.

**2.Работа по оддели и квалитет во работата**

**2.1 Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **732** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **5.026** предмети, погрешно заведен 1 предмет, повторно во работа биле **37** предмети, па вкупно во работа биле **5.794** предмети, од кои биле решени **5.528**, а нерешени останале **536** предмети.

Приливот е совладан. Од вкупно решените **5.528** предмети потврдени се **59** или **1,12%**, укинати се **31** или **0,56 %**, а преиначени се **3** или **0,05 %**.

**2.2 Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **643** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **3.134** предмети, погрешно заведен 1, предмети повторно во работа **26**, па вкупно во работа биле **3.750** предмети, од кои биле решени 3.095, а нерешени останале **655** предмети. Приливот не е совладан за **39** предмети. Од вкупно решените **3.095** предмети, потврдени се **228** или **7,36 %**, укинати биле **19** или **0,61 %** и преиначени се **10** или **0,32 %**.

### 3. Состојба со стари предмети

Судот 2016 година ја започнал со **229** стари нерешени предмети, од кои **195 се** оставински предмети дадени кај нотари, решени биле вкупно **130** предмети,од кои 83 оставински, 26 кривични и 21 граѓански предмети, па нерешени останале **183** стари предмети, од кои 160 се оставински дадени кај нотари.

### 4. Констатации за човечки ресурси

Судот 2016 година ја започнал со **47** вработени во судската служба, но во текот на годината овој број е намален на **46** вработени, па итно е потребно вработување на **2** стручни соработници, **1** судски службеник - раководител на оддел и **1** помошник информатичар. Судот 2016 година ја започнал со **10** судии, но во текот на годината **2** судии се пензионирани, па сега во судот работат **8** судии.

### 5. Просторни капацитети

Зградата во која работи Основниот суд Кавадарци е во релативно добра состојба, но со оглед дека се поминати 10 години од последното реновирање, потребно е обновување на фасадата и кречење на сите простории во неа, замена на внатрешните врати кои се стари и дотраени, како и санирање на подрумските простории во кои се наоѓа архивата на судот, заради појавената влага.

### 6. Заклучни констатации и согледувања

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Кавадарци во тековната 2016 година бил неажурен, бидејќи приливот не бил совладан за 39 предмети.

### 7. Предлог мерки

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Кавадарци во тековната 2016 година, покажал подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходните години. Во наредниот период треба да се продолжи трендот на подобрување на квалитетот на работењето и зголемувањето на процентот на потврдени предмети. Освен тоа потребно е итно доекипирање на судот и обезбедување средства за санација на судската зграда.

## <u>ОСНОВЕН СУД КРАТОВО</u>

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Кратово од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 160 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 1747 предмети, 21 предмет кои повторно биле во работа, така да вкупен број на предмети во работа во 2016 година биле 1928. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 1770, а останале незавршени 158 предмети, што значи дека приливот е совладан за 23 предмети.

### 2. Судска управа

Во судската управа од претходната година не останал ниту еден нерешен предмет од претходната извештајна година, а новопримени биле 375 предмети, од кои решени се 373, што значи дека останале 2 нерешени предмети.

### 3. Работа по оддели и квалитетот во работата

Во **граѓанскиот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 61 предмети, а новопримени биле 490 предмети и 9 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2016 година во овој оддел во работа биле вкупно 560 предмети. Од овие предмети решени биле 475 предмети, а останале нерешени 85 предмет, што значи дека во граѓанскиот оддел на Основниот суд Кратово, приливот не бил совладан за 15 предмети.

Во **кривичниот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 99 предмети, новопримени биле 882 предмет и 12 предмети биле повторно во работа, така да во текот на 2016 година во овој оддел во работа биле вкупно 993 предмети. Од овие предмети решени биле 922 предмети, а останале нерешени 71 предмет, што значи дека во кривичниот оддел на Основниот суд Кратово, приливот бил совладан.

Во однос на **квалитетот** при одлучувањето, во Основниот суд Кратово во текот на 2016 година од вкупно решените предмети, 43 одлуки биле потврдени, односно 2,43%, укинати биле 16 одлуки или 0,90%, преиначени 3 одлуки, односно 0,16%.

### 4. Состојба со стари предмети

Во извештајната 2016 година, Основниот суд Кратово имал во работа вкупно 17 стари предмети, од кои 3 предмети кривични (полнолетни), 13 граѓански (од кои 2 имотни спорови и 10 оставински предмети, кои биле доверени на постапување кај нотар,1МАЛВП и 1 ВПП.

Од вкупниот број 17 стари предмети, решени биле 13 предмети, а останал 1 кривичен предмет и 3 оставински којшто е доверен на постапување кај нотар.

### 5. Кратки констатции за човечки ресурси

Во извештајната 2016 година, работите и задачите од надлежност на Основниот суд во Кратово биле извршувани од 3 судии (вклучувајќи го и претседателот на судот), од кои еден судија од Основен суд Куманово со решение на Судскиот совет на РМ бил делегиран да ја извршува функцијата во Основниот суд Кратово, а еден судија од овој суд бил делегиран да ја извршува функцијата во Основен суд Скопје II Скопје.

Од судски службеници работата ја извршувале 1 советник-информатичар, 1 судски соработник, 1 самостоен судски референт (сметководител), 3 самостојни судски референти (уписничари), 1 виш судски референт (благајник), 4 судски референти (записничари – дактилографи), 6 помлади судски референти (доставувачи-курири), 5 припадници на судската полиција и 1 вработен технички работник – хигиеничар.

Со завршувањето на 2016 година во судот останало едно испразнето работно место, еден судски соработник поради заминување на работа во друг суд

Како највисок приоритет за Основниот суд Кратово се јавува потребата за вработување на еден судски соработник.

### 6. Просторни капацитети

Основниот суд Кратово работи во сопствена судска зграда која функционално одговара за намената на судот, во која секој судија има своја канцеларија со компјутер, кои поради застареност покажуваат проблеми во функционирањето. Во судот има три судски сали во кои има компјутерска опрема што не ја задоволува потребата за судење бидејќи функционирањето се одвива споро, поради постојаното надградување на АКМИС системот. Една од салите за судење е опремена со систем за тонско снимање, којшто добро функционира, но компјутерот е застарен, па тонското снимање се одвива со потешкотии – поспоро, а констатирано е и тоа дека УПС апаратот за електрична енергија не функционира. Тоа го отежнува тонското снимање кое се прекинува поради прекините на доводот на електрична енергија кои се чести. Исто така видео дисплејот за информирање на странките не работи, така што потребно е негово сервисирање или замена со нов. Сериозен проблем во овој суд е тоа што судот има систем на загревање -парно кое функционира на електрична енергија, што е неекономично и застарено.

Во оваа насока за да се заштеди електрична енергија, потребно е старите и дотраени прозори на судот да се заменат, со што би се намалила потрошувачката на електричната енергија или да се замени системот на затоплување на судот со друг поекономичен извор на енергија. Надворешната фасада на судот е дотраена и се одронува на повеќе места, што може да предизвика несакани последици за минувачите, ако и за вработените и странките во

судот. Внатрешните простории на приземјето и првиот кат се покриени со видео надзор. Архивата на судот е сместена во подрумските простории и истата во голем дел е опремена со метални ормари, но истите не се доволни за целата архива на судот. Во подрумските простории при врнежи постојано се појавува вода, бидејќи нема изведена добра дренажа, а поради застареност на електричната инсталација, можно е да бидат предизвикани несакани последици.

**7. Заклучни констатации и согледувања**

Со оглед на вкупниот број на решени предмети во текот на 2016 година, односно 1770 предмети, произлегува дека месечно во овој суд биле решавани по 160 предмети, што значи дека остатокот од 160 нерешени предмети може да биде совладан за помалку од еден месец. Од овие податоци произлегува дека Основниот суд Кратово е **ажурен суд** кој го совладал приливот.

Меѓутоа, овој суд и натаму се соочува со проблеми поврзани со опременоста и одржувањето на зградата на судот. Особено е загрижувачка состојбата со дотраената електрична инсталација (стара над 40 години), поради потенцијална опасност од пожар и прекин на работата поврзана со користење на компјутери и загревањето на судот. Како потребни интервенции, посочени се и обнова на надворешната фасада на судот, обезбедување на метален шкаф за чување на CD од тонските записи, обезбедување на ограда и пристапна патека за лицата со посебни потреби.

## ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

**1. Предметно работење на ниво на суд**

• Од претходната 2015 година, во Основен суд Крива Паланка останале незавршени 676 предмети.

• Во текот на 2016 година, во Основен суд Крива Паланка се оформени и примени во работа 4635 нови предмети, 96 предмети се повторно во работа и 2 предмети се погрешно заведени.

• Во текот на 2016 година, во работа биле вкупно 5405 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупно се решени 4737 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупниот број на нерешени предмети е 668.

•Во текот на 2016 година, Основниот суд Крива Паланка, го совладал приливот, а заостатокот е намален за 8 предмети.

**2. Судска управа**

• Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2016 година, е 400.

• Вкупниот број на предмети во работа во 2016 година, е 400.

• Вкупниот број на решени предмети во 2016 година е 400.
нерешени 0

- **Кривичен Оддел**

• Во текот на претходната 2015 година, во кривичниот оддел останале незавршени 138 предмети.

• Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 3219 предмети.

• Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2016 година е 3407 предмети

• Вкупниот број на решени предмети во текот на 2016 година во кривичниот оддел е 3312.

• Нерешени предмети до крајот на 2016 година, останале 95 предмети.

• Кривичниот оддел го совладал приливот и го намалил заостатокот за 43 предмети.

- **Квалитетот на Кривичниот оддел**

- Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 51, односно 6.1%, укинати 30, односно 3.6% преиначени 6 односно 0.7%

- **Граѓански Оддел**

• Во текот на претходната 2015 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 538 предмети.

• Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2016 година е 1016 предмети.

- Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2016 година е 1598 предмети.
- Вкупниот број на решени предмети во текот на 2016 година во граѓанскиот оддел е 1025 предмети.
- Нерешени предмети во крајот на 2016 година останале 573 предмети.
- Граѓанскиот оддел го совладал приливот, но го зголемил заостатокот за 35 предмети.

**- Квалитетот на граѓаскиот оддел**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 141, односно 23,5%, укинати 26 односно 4.3% преиначени 7 односно 1.1%

**3. Состојба со стари предмети**

Во текот на 2016 година, во Основниот суд Крива Паланка во работа имало 212 стари предмети, од кои: 204 се оставински предмети (нотари) 2 парнични, 3 извршни кривични, 1 кривичен, 1 прекршочен и 1 вонпарничен предмет.

**4. Кратки констатации за условите за работа**, во врска со човечките ресурси, опременост на судот, просторни капацитети .

- човечки ресурси: 5 судии, 32 судски службеници, има потреба за нови вработувања за упразнетите работни места.
- опременост на судот: Зградата на судот е функционална.

Основниот суд Крива Паланка според критериумите за пресметување на ефикасноста е **ажурен суд** кој го совладал приливот.

**5. Предлог мерки**

Потребно да се пополнат приоритетните испразнети работни места.

## <u>ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Нерешени предмети на почетокот на годината имало вкупно 5.720, новопримени предмети имало вкупно 32.505, погрешно заведени 13 предмети, вкупно предмети во работа имало 38.212, решени се 32.203 предмети и останале нерешени 6.006 предмети.

**2. Судска управа**

Нерешени предмети на почеток на годината имало само 1 предмет, новопримени имало 3.453 предмети, вкупно биле во работа 3.454 предмети од кои сите се решени.

**3. Работа по оддели и квалитетот во работата**

Решени предмети по области:

-Вонпарнично 7.470, потврдени 38 или 0,50 %, укинати 13 предмети или 0,17 %, преиначени нема.

-Извршување – решени 194 предмети, потврдени 51 предмет или 26,3 %, укинати нема и преиначени 14 предмети или 7,21 %.

-Парнично – решени 2.385 предмети, потврдени 519 предмети или 21,7 %, укинати 148 предмети или 6.20 %, преиначени 71 предмет или 2.98 %,

-Дејствија во претходна постапка – решени предмети 647,
укинати и преиначени нема.

-Извршување санкции – решени предмети 4.802, укинати и
преиначени нема.

-Кривично малолетни – решени 54 предмети, укинати и преиначени нема.

-Кривично полнолетни – решени 1.673 предмети, потврдени 190 или 11,35 %, укинати 103 предмети или 6,16 %, преиначени 25 предмети или 1,49 %.

Оценка на обвинителен акт – решени предмети 55, укинати нема преиначени се само 2 предмети или 3,64 %.

- Прекршоци – решени се 2.279 предмети, потврдени 258 или 11,32 %, укинати се 77 предмети или 3.38 % и преиначени се 7 предмети или 0.31 %.

**4. Состојба со стари предмети**

Во 2016 во Основниот суд Куманово имаше вкупно во работа 1.750 стари предмети по сите основи, од кои 835 предмети се пренесени од 2015 година, решени се вкупно 705 предмети, а останале нерешени 1.045 предмети.

**5. Констатации за човечки ресурси**

На 01.01.2016 година судот имал 165 вработени. Како резултат на одредени промени (пензионирања, превземање кадри и друго), на ден 31.12.2016 година во судот имало 159 вработени. Во 2016 година се намали бројот на судии за двајца поради исполнување услови за старосна пензија, а на 30.12.2016 година исто така поради пензионирање се испразни и работното место Судски администратор.

**6. Просторни капацитети**

Во 2009 година е извршено проширување на зградата со санација, адаптација и реновирање на уште еден – трети кат. Заради подобрување на просторните услови потребно е и се предлага:

Санација на кровната конструкција, реконструкција на електричната инсталација, влезен портал, метал детектор, 10 климатизери, замена на старите прозорци и воведување едношалтерски систем.

**7. Заклучни констатации со предлог мерки**

Потребно е пополнување на работното место Судски администратор како и избор на двајца судии.

По однос на предметното работење Основниот суд Куманово е ажурен суд.

**<u>ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО</u>**

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Неготино во 2016 година нерешени предмети на почетокот на годината имало 1.263, новопримени предмети 4.804, повторно предмети во работа 29, погрешно заведени 4, вкупно во работа 6.092 предмети, решени 4.538 предмети и останале нерешени 1.554 предмети.

**2. Судска управа**

Нерешени предмети на почетокот на годината имало 2, новопримени имало 647 предмети, вкупно предмети во работа биле 649, решени се 645, а останале нерешени само 4 предмети.

**3. Работа по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел – Одделение**

Решени предмети 948, потврдени 12 предмети или 1,26 %, укинати 8 предмети или 0,84 % и преиначени 3 предмети или 0,32 %.

Прекршочен оддел – Одделение

Решени 501 предмет, потврдени 73 предмети или 1.26 %, укинати 8 предмети или 0,84 % и преиначени 3 предмети или 0,32 %.

**Граѓански оддел - Одделение**

Решени се 1.028 предмети, потврдени 106 предмети или 10,3 %, укинати 10 предмети или 0,97 % и преиначени нема.

**4.Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд во Неготино останале нерешени вкупно 84 предмети и тоа: 12 предмети кривично полнолетни, 53 прекршочни предмети, 3 граѓански предмети, 5 вонпарнични предмети и 10 предмети извршување санкции.

Комисијата за стари предмети го следи движењето на старите предмети, одржува седници и и ги констатира причините кои ја предизвикале состојбата, а тие се најчесто неизготвени вештачења или неуредни достави.

### 5. Констатации за човечки ресурси

Во моментот судот има потреба од пополнување на следните работни места: 2 судии, 1 раководител на оддел, 3 судски соработници, 1 информатичар, 4 самостојни судски референти, 3 дактилографи и 1 командир на судска полиција.

Неопходно е пополнувањето на работното место – раководител на оддел кој би ја координирал работата на судските службеници.

### 6. Просторни капацитети

Со оглед на намалениот број на вработени, моментно просторните капацитети ги задоволуваат потребите на вработените, иако немаат сопствен паркинг и службен влез.

### 7. Заклучни констатции и согледувања со предлог мерки

Со оглед на испразнетите суштински работни места, потребно е пополнување на истите, заради навремено извршување на работните задачи.

По однос на постапувањето при предметното работење, Основниот суд Неготино не го совладал приливот, поради што се смета за неажурен суд.

## <u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР</u>

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во извештајниот период, од претходната година биле пренесени 809 предмети, новопримени по сите основи се 4001 или вкупно во работа биле 4810 предмети.

Вкупно решени предмети се 4589 предмети, а 221 од предметите во работа останале нерешени.

Споредбено, бројот на новопримени 5064 со бројот на решени 5562 предмети, укажува дека приливот е совладан или повеќе се решени 468 предмети.

### 1.1 Предметно работење на ниво на суд

Од вкупниот број на предмети во работа или 5873, 4758 се предмети опфатени со ориентациона норма, 52 кои не се опфатени и 1063 предмети од судската управа, додека 221 нерешени предмети на крајот на извештајниот период, се предмети опфатени со ориентациона норма.

### 2. Судска управа

На ниво на судска управа судот во работа по сите основи имал 1063 предмети и сите ги решил.

### 3. Работа по оддели и квалитет на работата

**Кривичен оддел .....**

Кривичниот оддел во извештајниот пеиод вкупно во работа имал 2583 предмети од кои 293 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2290 предмети се новопримени. Од вкупниот број предмети во работа судот решил 2484 предмети, а останале нерешени 99 предмети.

За оценка на квалитетот на работа на кривичниот оддел во извештајниот период не се дадени податоци против колку одлуки се поднесени вонредни правни лекови до Врховниот суд на република Македонија. Од податоците дадени за вратени предмети по вонндредни правни лекови се заклучува дека се работи за 31 предмет, од кои во 11 предмети или 35,48 % се потврдени, 8 одлуки или 25,81 % се укинати и по 12 одлуки или во 38,71% правните лекови се отфрлени.

**Граѓански оддел...**

Во извештајниот период судот за работа имал вкупно 2.227 граѓански предмети од кои 516 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 1.711 предмети се новопримени. Судот вкупно решил 2105 предмети, а нерешени останале 122 предмети.

За оценка на квалиетот на работата на граѓанскиот оддел, не се дадени податоци за тоа во колку предмети се поднесени вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија. Од дадените податоци може да се заклучи дека во судот се вратени

одлуки по144 предмети, од кои во 47 предмети или 32,64 % се потврдени, кај 28 предмети или 19,44% се укинати и кај 66 предмети или во 45,83 % правните лекови се отфрлени.

### 4. Квалитет на работење на ниво на суд

Дадените податоци за квалаитеот и кванитеитето на работа по оддели, дава за право да се заклучи дека судот на крајот на извештајниот период го намал заостатојкот на нерешени предмети, во однос на преходниот извештаен период за 72,68 %.

### 5. Состојба со стари предмети

Стари предмети во работа, во судот нема, пренесените 12 стари предмети од извештајната 2015 година се решени.

### 6.Констатации за човечки ресурси и просторни капацитети

Судска функција во Апелациониот суд Гостивар, според систематизираниот број судии треба да ја вршат претседателот и 15 судии.Во извештајниот период судската функција фактички е вршена во кавнитативно променлив состав, а извештајниот период го завршиле со претседател и 14 судии.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелациониот суд Гостивар бројот на пополнети работни места во судската служба информатичкиот центар, не соодвествува со потребниот број.

### 7. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки

Заклучните согледувања за минатиот извештаен период и предлог мерките кои судот ги презел во извештајниот период, дале евидентен резултат.

Постигнатите резултати на судот во извештајниот период, покажуваат дека во судот нема стари предмети, намален е заостаоткок на предмети, погоем број на предмети се решаваат во кратки рокови од 1- 3 месеци и дека е совладан приливот на новопримени предмети, кое по себе судот го прави ажурен.

Во извештајниот период, судот имал потешкотии во работењето, врзано за непотполнетоста на потребниот број на извршители во судската служба, особено во админстративно стручните работи, па така и во овие заклучни согледувања, мора да се укаже дека за подобро работење на судот е потребно да се пополни бројот на судските службеници, според систематизацијата и проектираните приоритети од претседателот на судот.

Во судот оптимлизирана е примената на информатичката технолгија, во делот на употребата на АКМИС

По однос на квалитетот во работа, за правилно и целеосно согледување на состојбите е потребно да се дадат податоци не само за тоа колку предмети се вратени, како мерило за оценка на квалитот туку и во колку предмети се изјавени вонредни правни лекови. Од презентираните податоци може да се заклучи дека квалитетот на одлуките задоволува, но и дека квалитетот на работењето мора постојано да се опсервира и навремено да се превземаат мерки за подобрување.

Особено, квалитетот преставува императив во работата, ако се имаат во вид резултатите и податоците од работењето на Основните судови од Апаелационото подрачје. Така, судот ќе мора во континуитет да ја следи состојбата, да укажува и да им помага и на пониските судови во делот на примената на судската пракса, а со тоа да врши воедначување во примена на законите на своето подрачје.

## <u>ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР</u>

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Гостивар од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 7586 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 32648 предмети од кои 435 предмети кои повторно биле во работа и погрешно заведени 32 предмети. Вкупен број на предмети во работа во текот на 2016 година на ниво на суд во работа биле вкупно 40637 предмети, од кои решени се 34366 предмети, додека 6271 се водат како нерешени.

**2. Судска управа**

Во судската управа од претходната година имало остаток од 8 предмети. Во текот на 2016 година новопримени биле 606 предмети што значи вкупно во работа имало 614 предмети, а решени биле 597 предмети.

**3. Работа по одддели и квалитет на работата**

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 18615 предмети од кои решени се 15804, нерешени 2811.

Квалитет во работата. Решени 2390, од кои: 415 односно 17,36% се потврдени, 111 односно 4,64 укинати и 29 односно 1,21 преиначени.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 22022 предмети, од кои 18562 се решени, 3460 не се решени.

Квалитет во работата. Решени 5085, од кои: 407 односно 8 % потврдени, 176 односно 3,46 % укинати и 96 односно 1,89 % преиначени.

**- Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решение предмети 7475, од кои: потврдени 822 односно 11 %, укинати 287 односно 3,84%, преиначени 125 односно 1,67%.

**4. Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа 2260 стари нерешени предмети, од кои 656 се решени, 1604 остануваат нерешени.

**5. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2016 година имал 21 судии, 80 вработени во судската служба, 6 вработени согласно ЗРО и 6 судски полицајци.

Во текот на 2015 - 2016 година се испразнети 10 работни места во судската служба, а во текот на 2017 година оваа бројка ќе се зголеми поради пензионирања на поголем дел од судските службеници. Идентификувана е потреба од вработување на вкупно 18 лица.

**6. Просторни капацитети**

Се укажува на несоодветни просторни услови бидејќи во оваа зграда се сместени и други институции. Потребни се дополнителни канцеларии и мебел за истите, до-опремување на архивата, проширување на просторот во писарниците и опремување на канцелариите со клима - уреди. Во однос на информатичката технологија, и покрај инвестициите во текот на 2016 година, се укажува на постоење на голема бројка на компјутери со застарена конфигурација. Исто така, потребно е подобрување на интернет – мрежата.

**7. Заклучни согледувања**

Ажурен суд - совладан е приливот.

**8. Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за пополнување на потребните работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

## <u>ОСНОВЕН СУД ДЕБАР</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Дебар од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 342 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 5158 предмети и 60 предмети повторно во работа.

Во текот на 2016 година на ниво на суд во работа биле вкупно 5560 предмети, од кои решени се 5267 предмети, додека 293 се водат како нерешени.

**2. Судска управа**

- Вкупно во работа предмети, решени се 265 предмети.
- СУ предмети: Во работа 385 предмети, решени 384.

**3. Работа по одддели и квалитет на работата**

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 2359 предмети од кои 2158 се решени, 201 нерешени.

Квалитет во работата. Решени 1297, од кои: 52 односно 4% се потврдени, 12 односно 0,92 укинати и 2 односно 0.15 преиначени.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 2715 предмети, од кои 2661 се решени, 64 не се решени.

**4. Квалитет во работата**

Решени 640, од кои: 37 односно 5.78% потврдени. 12 односно 1.87% укинати и 1 односно 0.15% преиначени.

**5. Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решение предмети 1148, потврдени 89 односно 7,75%, укинати 24 односно 2.09%, преиначени 0.26%.

**6. Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа биле 72 стари нерешени предмети, од кои 39 предмети се решени.

**7. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2016 година вкупно биле вработени 28 лица, од кои 4 судии, сметајќи го и Претседателот на судот, 19 судски службеници, 4 судски полицајци и 1 хигиеничар. Според одлука на Судски совет предвидени се 5 судии, додека според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места се предвидени 52 административни извршители.

**8. Просторни капацитети**

Опременоста на судот е на задоволително ниво. Постојат опремени канцеларии со потребни технички помагала (компјутери и печатари). Во текот на оваа година се извршени одредени градежни интервенции во зградата на судот за санирање на кровот. Во однос на информатичката технологија се истакнува проблемот со нејзината дотраеноста и рефлексијата во нормалниот тек на работењето.

**9. Заклучни согледувања**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2016 година, бил ажурен бидејќи успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2016 година, нерешени останале **345** предмети, а вкупно во 2016 година биле во работа **5.529** предмети, од кои решени се **5.267** предмети, додека **262** се водат како нерешени, **па произлегува дека Основниот суд Дебар во тековната 2016 година, бил ажурен бидејќи успеал да го совлада приливот за 83 предмети.**

**10. Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии и пополнување на останатите потребни работни места.
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот.
- Да се одржи континуитетот, односно динамиката на работење

## <u>ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО</u>

**1. Обем на предмети**

На 01.01.2016 година останати предмети од претходната година во овој суд има 869 предмети, новопримени во 2016 година има 14.254 предмети, 304 се повторно заведени, 11 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 15.416 предмети, од кои решени се 14.000 предмет. или 90,81%, а останале нерешени 1.416 предмети или 9,18%.

Од горните показатели следува дека судот со новопримените предмети 14.547 и решените 14.000 не го совладале тековниот прилив и го зголемил заостатокот за 547 предмети.

2. Работа на судот во рамките на судската управа

Во текот на извештајната 2016 година биле во работа вкупно 714 предмети (предмети од СУ, ДОВ, СТ.ДОВ, изземање на судија, слободен пристап до информации, преставки и поплаки), сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот.

**3.Состојба по оддели и квалитет во работата**

**Кривичен оддел**

- Истраги

Во текот на 2016 година, судот постапувал по еден стар истражен предмет и истиот е решен.

- Истражни дејствија

Од претходната 2015 година има останато 1 нерешен предмет, а примени во 2016 година, има 62 предмети, или вкупно во работа во 2016 година имало 63 предмети, завршени се 62 предмети или 98,41%, а еден предмет е останат нерешен или 1,58%.

- Кривични предмети против полнолетни лица

Во извештајната 2016 година новопримени се 254 предмети, 44 предмети пренесени се од претходната година, 14 повторно заведени или вкупно 312 предмети, од нив се решени 253 предмети или 81,08%, а останале за решавање уште 59 предмети или 19,01%.

Од вкупно решените предмети обжалени се 53 одлуки или 20,94%, а вратени предмети од второстепениот суд се 41 предмет или 16,20% од кои потврдени се 30 предмети или 73,17%, укинати 9 предмети или 21,95%, отфрлени 1 предмет или 2,43% и преиначен 1 предмет или 2,43%.

- Разни кривични предмети

Во извештајната година овој суд постапувал и по разни кривични предмети како што се: кривични замолници, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР", одлуки на кривичен совет „КС", условен отпуст, вонредно ублажување на казна, и повторување на кривичната постапка.

Во извештајниот период од овој вид предмети – одлуки на кривичниот совет „КС" вкупно во работа биле 281 предмет од кои решени се 273 предмети, или 97,15%, а останале за решавање уште 8 предмети или 2,84%.

- Прекршочни предмети

Во извештајниот период ново примени предмети се 1.034, пренесени од претходната година 138 и 39 повторно заведени или вкупно во работа биле 1.211 предмети. Од нив вкупно се решени 1.087 предмети или 89,76%, а останале за решавање уште 124 предмети или 10,23%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 2.015 прекршочни предмети, во извештајната година тој број е намален за 804 предмети.

Од вкупно решените 1.087 предмети, обжалени се 101, а вратени од второстепен суд се 125 предмети или 11,48% од кои потврдени се 70 предмети или 56%, укинати 31 предмет или 24,8%, преиначени 19 прдмети или 15,2% и отфрлени 5 предмети или 4%.

- Извршување на санкции

На 01.01.2016 година останале нерешени 114 предмети, новопримени во текот на годината има 1.908 или вкупно во работа 2.022 предмети од кои решени се 1920 предмети или 94,95%, а останале нерешени 102 предмети или 5,04%.

Квалитетот на предмети на ниво на кривичен оддел е: 117 предмети или 7,25% потврдени, 40 предмети или 2,27% укинати и 24 предмети или 1,48% преиначени.

**Граѓански оддел**

На 01.01.2016 година останале нерешени 216 предмети, новопримени во текот на извештајната година се 1.619 предмети или вкупно во работа биле 1.835 предмети, од кои решени се 1.202 предмети или 65,50%, а останале за решавање уште 633 предмети или 34,49%.

Во овој оддел има зголемување на приливот на предмети и тоа кај предмети од работни односи и предмети од мала вредност.

Од вкупно 1202 предмети обжаени се 567 предмети, а вратени од второстепениот суд 592 или 49,25% од кои: потврдени се 427 предмети или 72,13%, укинати 110 предмети или 18,58%, 46 преиначени или 7,77%, делумно укинати 6 предмети или 1,01% и отфрлени 2 предмети или 0,33%.

- Вонпроцесни предмети

На 01.01.2016 година останале 352 предмети, а примени во извештајната година се 3.918 или вкупно во работа биле 4.270 предмети, од кои решени се 3.781 предмети или 88,54%, а останале за решавање уште 489 предмети или 11,45%.

Од вкупно решени 501 предмет, обжалени се 45 предмети, а вратени од второстепен суд се 50 предмети од кои: потврдени се 20 предмети или 40%, 20 предмети укинати или 40%, 1 предмет со одлука е преничен или 2% и 9 одлуки делумно укинати или 18%.

### 4. Состојба со стари предмети

На почетокот на 2016 година, остнати стари предмети имало 10, нови 51 или вкупно 61 предмет, од кои се решени 30, а останале за решавање 31 стар предмет.

### 5. Констатации за човечки ресурси

По однос на човечките ресурси, односно административниот персонал вкупно вработени во ивештајната година се 54, вклучувајќи ја судската полиција, како и вработените согласно Законот за работните односи, и 11 судии.

Треба да се има во предвид дека поголемиот дел од предвидените работни места не се потполнети, а стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење.

### 6. Просторни капацитети

По однос на просторните услови за работа на овој суд, треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем, кое барање било доставувано до Судскиот буџетски совет, неколку години, но не биле одобрени средства до сега.

Има потреба од обновување на компјутерската опрема заради обезбедување критериуми за употреба на системот АКМИС. Пет простории од судската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево и доколку се најде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

### 6. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2016 година, може да се констатира дека судот не го совладал приливот и го зголемил заостатокот на нерешени предмети и го зголемил бројот на стари предмети, а единствена причина за ова е штрајкот на судската администрација, како новопримени предмети на 30.12.2016 година

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзо решавање на старите предмети, како и редовно совладување на приливот. Освен тоа потребно е судот и кадровски да се доекипира со пополнување на слободни работни места од сите профили, како и да се набави потребната компјутерска опрема.

Основниот суд Кичево иако не го совладал приливот ефикасно постапувал по предметите и понатаму ќе треба да продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно работење.

## ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Тетово од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 5179 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 23780 предмети, 642 предмети повторно во работа и 170 предмети погрешно заведени.

Во текот на 2016 година на ниво на суд во работа биле вкупно 29431 предмет,од кои решени се 22880 предмети, додека 6551 се водат како нерешени.

### 2. Судска управа

На почетокот на извештајната 2016 година Основниот суд Тетово во работа имал 1 предмет од судска управа кои како нерешен бил префрлен од претходниот извештаен период.

Во текот на 2016 година заведени се 612 нови предмети од судска управа кои заедно со нерешениот 1 предмет даваат бројката од 613 предмети од судска управа кои судот ги имал во работа во извештајниот период.

Во извештајната 2016 година решени се вкупно 611 предмети од судската управа, а како нерешени во 2017 година останати се 2 предмети.

### 3. Работа по одделИ и квалитет во работата

**Кривичниот оддел** постапувал по предмети во претходна постапка, кривични предмети спрема полнолетни лица, кривични предмети спрема деца, прекршочни предмети, извршување санкции и одлуки на кривичен совет вон главен претрес.

На почетокот на извештајната 2016 година, Кривичниот оддел во работа имал 3.912 кривични предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2016 година примени се 19.393 нови кривични предмети, кои заедно со 439 предмети повторно во работа, 164 погрешно заведени и останатите нерешени 3.912 кривични предмети од претходната година, произлегува дека судот во текот на извештајната година во работа имал 23.582 кривични предмети.

Судиите од Кривичниот оддел во текот на 2016 година решиле вкупно 18.790 кривични предмети, а како нерешени во 2017 година останати се 4.792 кривични предмети.

Од изнесеното произлегува дека кривичниот оддел не го совладал приливот на нови кривични предмети во извештајната година и за 880 предмети го зголемил заостатокот на нерешени предмети.

Во текот на извештајната година потврдени се 687 предмети или во однос на вкупно решените потврдени се 3.66 %, укинати се 312 предмети или 1,66 % и преиначени се 199 предмети или 1,06 %.

**Граѓанскиот оддел** постапувал по парнични предмети, трговски спорови, стечаи, ликвидации, вонпроцесни предмети и останати предмети во надлежност на претседателот на судот.

На почетокот на извештајната година, одделот во работа имал 1.267 предмети кои како нерешени биле префрлени од претходниот извештаен период.

Во текот на 2016 година примени се 4.385 нови предмети, кои заедно со 554 предмети повторно во работа и 6 погрешно заведени предмети, ја даваат бројката од 5.849 вкупно граѓански предмети во работа.

Судиите од Граѓанскиот оддел во текот на 2016 година решиле вкупно 4.090 граѓански предмети, а како нерешени во 2017 година останати се 1.759 граѓански предмети.

Од изнесеното произлегува дека граѓанскиот оддел не го совладал приливот на нови предмети во извештајната 2016 година и го зголемил заостатокот за 492 граѓански предмети.

Во текот на извештајната година потврдени се 337 предмети или во однос на вкупно решените потврдени се 4.54 %, укинати се 158 предмети или 2,13 % и преиначени се 29 предмети или 0,39 %.

### 4.Состојба со стари предмети

Во Основниот суд Тетово на крајот на извештајната година останале нерешени 325 стари предмети и тоа:

- во кривичниот оддел 75 предмети од кои: 1 предмет од 2009 година, 4 предмети од 2010 година, 7 предмети од 2011 година, 7 предмети од 2012 година и 56 предмети од 2013 година.
- во граѓанскиот оддел 250 предмети од кои: 2 предмети од 2004 година, 5 предмети од 2009 година, 25 предмети од 2010 година, 44 предмети од 2011 година, 106 предмети од 2012 година и 68 предмети од 2013 година;

### 5. Констатации за човечки ресурси

Во текот на извештајната 2016 година согласно Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Тетово дел од работните места не биле пополнети.

Со оглед дека судот имал неопходна потреба од извршители на одредени работни места од Судскиот буџетски совет на РМ биле побарани средства за примање на судски референти: 8 дактилографи, 8 помлади судски референти доставувачи, 3 хигиеничари, 2 одржувачи на возен парк и 2 судски полицајци, како и средства за вертикално унапредување на судските службеници, но средства не биле обезбедени така што судот се соочил со

проблем од недостаток на вработени на наведените работни места дотолку повеќе што во текот на 2016 година на неколку вработени им престанал работниот однос поради исполнување на услови за пензионирање, а еден судски соработник е избран за судија.

Во текот на 2016 година со одлуки на Судскиот совет на Република Македонија на 2 судии им е продолжено времетраењето на временото делегирање во Основниот суд Скопје 1 и 2 во Скопје.

**6. Просторни капацитети**

Судските предмети се чуваат во посебни шкафови обезбедени со брави со клуч и катанци со што е овозможено нивно безбедно чување.

Зградата во која е сместен судот е целосно реконструирана во текот на 2008 година од страна на Министерството за правда и истата е во релативно добра функционална состојба, но тековното одржување на судската зграда не е на задоволително ниво поради недостаток на буџетските средства. Проблем се јавува со парното греење поради дотраеност на котелот, радијаторите и инсталацијата и со подрумските простории кои се во лоша состојба бидејќи не биле опфатени со реконструкцијата, а проблем претставува и кровната конструкција која е во лоша состојба и особено на зима се јавуваат проблеми кои судот не може да го отстрани.

Судската зграда ја користат и Основното јавно обвинителство Тетово и Државното правобранителство Тетово, поради што просторните услови налагаат потреба да се надгради уште еден кат - трет кат за што од страна на Основниот суд Тетово е изготвен Идеен проект.

**7. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки**

Основниот суд Тетово за извештајната година според постигнатите резултати не може да се смета за ажурен суд со оглед дека го нема совладано годишниот прилив на предмети на ниво на суд, ако се има предвид дека примени се вкупно 24.422 предмети од збирниот извештај со 642 предмети повторно во работа, а решени се вкупно 22.880 предмети. Зголемен е вкупниот број на нерешени предмети од 5.179 предмети кои останале од предходниот извештаен период на 6.551 предмет на крајот на извештајниот период, така што заостатокот не е совладан за 900 предмети.

Споредено со предходниот извештаен период се забележува намален прилив на кривични и граѓански предмети, но и намален број на вкупно решени кривични и граѓански предмети.

Во текот на 2017 година потребно е судиите да ги решат старите предмети од постари години и да го подобрат квалитетот во решавањето на предметите, како и да ја зголемат ажурноста на работењето на судот со совладување на приливот на предмети.

Исто така, потребно е да се пополнат непополнетите работни места, реши просторниот проблем на судот и подобри информатичката технологија.

## <u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА</u>

**1. Предметно работење – обем на работа**

На крајот од 2016 година во Апелациониот суд Битола од предвидените 25 судиски места заедно со Претседателот на судот, постапувале 21 судија, заедно со Претседателот, а на 1 судија и понатаму му мирува местото, бидејќи е избран за член на СС на РМ. Има 53 судски службеници и 4 други вработени.

**- предмети опфатени со ориентациона норма-**

Во Апелациониот суд Битола од 2015 година, останале нерешени **659** предмети. Во текот на 2016 година, по сите видови биле примени **5262** предмети, (9 погрешно заведени), вкупно во работа биле **5912** предмети, од кои се решени **5480** предмети, а останале нерешени **432** предмети.

**-квалитет на ниво на суд-**

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховен суд на Република Македонија во текот на 2016 година, **потврдени** се вкупно **148** предмети, **укинати** се **16** предмети, **преиначени** се **13** предмети.

Во текот на 2016 година биле примени **1021** предмет од **судска управа** и сите се решени.

**А. Граѓански оддел**

Од 2015 година останале нерешени **443** предмети. Во текот на 2016 година биле примени **3595** предмети (девет погрешно заведени), или вкупно во работа биле **4092** предмети, од кои решени се **3779** предмети, а останале нерешени **250** предмети. Во 2015 година е совладан приливот, а заостатокот е намален за **184** предмети.

## 2. Квалитет во Граѓански оддел

Според податоците за вратени предмети од Врховниот суд на Република Македонија, потврдени се вкупно **131** предмет, укинати се **16** предмети, а преиначени се **13** предмети.

**Б. Кривичен оддел**

Од 2015 година останале нерешени **216** предмети. Во текот на 2016 година биле примени нови **1667** предмети, или вкупно во работа биле 1883 предмети, од кои се решени **1701** предмет, а останале нерешени **182** предмети. Во 2016 година заостатокот е намален за **34** предмети.

## 3. Квалитет во Кривичниот оддел

Според податоците за вратени предмети од страна на Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2016 година, потврдени се **17** предмети, укинати и преиначени нема.

## 4. Состојба со стари предмети

Во 2016 година на крајот од годината останале само **15** предмети постари од 6 месеци, сметано од денот на приемот во судот.

## 5. Остварување на ориентациона норма

Во пресметување на ориентационата норма земени се само предметите кои се опфатени со ориентационата норма:

1. Во Кривичниот оддел по **22,24** предмети месечно.
2. Во Граѓанскиот оддел по **21,97**предмети месечно.
3. Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно месечно сметано за 10,5 месеци во просек решавале по **22,02** предмети.

## 6. Човечки ресурси

Во текот на 2016 година на 2 судии им престана функцијата, поради исполнување на услови за старосна пензија, а е избран само еден судија, а на 1 судија кој е избран за член на Судски совет на Република Македонија функцијата му мирува.

На крајот од 2015 година во судот биле вработени вкупно 78 лица, од кои 21 судија со Претседателот (од вкупно предвидените 25), 53 судски службеници и 4 други. Се наметнува потреба за вработување на уште 9 извршители.

## 7. Просторни капацитети

Иако во претходните години извршени се некои градежни интервенции, сеуште стои потребата од реновирање на судските канцеларии, набавка на инвентар, бироа, столици идруго.

## 8. Заклучни согледувања

Во Апелациониот суд Битола во 2016 година:

1. Вкупно во работа биле 5912 предмети.
2. Решени се 5480 предмети.
3. Во 2016 година совладан е приливот и останале незавршени 432 предмети.
4. Во 2016 година на крајот од годината останале само 15 предмети постари од 6 месеци.
5. Апелациониот суд Битола според бројот на нерешените предмети кои останале на крајот од 2016 година, бројот на судиите кои постапувале по предмети, месечно решените предмети во просек по судија, како и околноста дека месечно судот решава по 448,86

предмети, укажува на околноста дека истиот може да се третира како **АПСОЛУТНО АЖУРЕН СУД.**

**9. Предлог мерки**

Во 2017 година да се пополнат сите испразнети места од стручниот кадар и административно - техничкиот персонал согласно систематизацијата.

Учество на ВЈО и ОЈО во трошоците за одржување на зградата на судот или нивна дислокација.

Дополнување со компјутерска опрема, набавка на инвентар и обезбедување средства за реализирање на планираните јавни набавки.

Интензивирање на соработката со Врховниот суд на Република Македонија и следење и остварување на планот за решавање на стари нерешени предмети во текот на 2017 година кај основните судови, а по барање на судиите од основните судови да се остваруваат што поголем број на работни средби за укажување на секаква помош.

## ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Основниот суд Битола 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **4.727** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **21.892** предмети, погрешно заведени 16 предмети, предмети повторно во работа **529** или во работа биле вкупно **27.132** предмети, од кои биле решени **23.354**, а нерешени останале **3.778** предмети. Приливот е совладан.

**2. Судска управа**

Судската управа 2016 година ја започнала со остаток од претходната 2015 година од **16** предмети. Во тековната 2016 година примени се **1.339** предмети, погрешно заведени **1**, па вкупно во работа биле 1.354 предмети, од кои решени се **1.344**, а нерешени останале **10** предмети. Приливот е совладан.

**3. Квалитет на предмети на ниво на суд**

Од вкупно решените предмети **7.429**, потврдени се **992** или **13,35%**. Укинати се **355** или **4,78%**, а преиначени **157** или **2,11%**.

**4. Работа по оддели и квалитетот во работата**

- **Кривичен оддел**

Кривичниот оддел 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **2.311** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **12.980** предмети, погрешно заведен **4**, предмети повторно во работа **231**, па вкупно во работа биле **15.518** предмети, од кои биле решени **13.982**, а нерешени останале **1.536** предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решените **4.132** предмети, потврдени се **680** или **20,62%**, укинати биле **181** или **5,49%** и преиначени **106** или **3,22%**.

**-Граѓански оддел**

Граѓанскиот оддел 2016 година ја започнал со остаток на незавршени предмети од претходната 2015 година од **2.400** предмети. Во тековната 2016 година примени се нови **7.573** предмети, погрешно се заведени **11**, предмети повторно во работа **298** па вкупно во работа биле **10.260** предмети, од кои биле решени **8.028**, а нерешени останале **2.232** предмети. Приливот е совладан. Од вкупно решени **3.297**предмети, потврдени се **680** или **20,62%** , укинати се **181** или **5,49%** и преиначени **106** или **1,22%**.

**5. Состојба со стари предмети**

Судот 2016 година ја започнал со **126** стари нерешени предмети, а ја завршил со **113** стари предмети, не рачунајќи ги **114** оставински предмети отстапени кај нотари. Најстариот предмет е од 2009 година **1**, од 2010 година **3** предмети , од 2011 година **2**, од 2012 година **11**, од 2013 година **19** предмети и од 2014 година **77** предмети.

**6. Констатации за човечки ресурси**

Во моментов во судот има 125 вработени, од кои 23 се судии вклучувајќи го и претседателот на судот. Бројот на вработени е со тенденција на опаѓање поради природен

одлив на вработените со пензионирање, па и покрај новопримените 12 судски службеници сеуште има итна потреба од нови вработувања. Обуките на судските службеници се одвиваат согласно планот за обуки. Одобрените средства за 2016 година се недоволни за нормално функционирање на судот и за редовно измирување на обврските.

**7. Просторни капацитети**

Основниот суд Битола е добро просторно опремен, со доволен број канцеларии, судници и писарници, но има проблем со просторот и опременоста на тој простор за чување на архивска граѓа и со застарената компјутерска технологија.

**8. Констатации и согледувања**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Битола во тековната 2016 година бил **ажурен** и го совладал приливот, а покажал и подобри квалитативни и квантитативни резултати од претходната година.

**9. Предлог мерки**

Во наредниот период ќе треба да се обрне посебно внимание на побрзо решавање на старите предмети, а потребно е судот и кадровски да се доекипира со пополнување на испразнетите работни места од сите профили и да се набави потребната компјутерска опрема.

## ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

Основниот суд во Крушево претставува суд со основна надлежност, кој својата функција ја извршува согласно член 30 и 31 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06,35/08,150/2010), кој постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на Општина Крушево.

**1. Предметно работење на ниво на суд**

**- Вкупен број на нерешени предмети од претходната година;**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 231 предмети.

**Вкупен број на новопримени предмети**:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 1119 предмети.

**Предмети повторно во работа:**

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 12 предмети.

**Вкупен број на предмети во работа:**

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 1362 предмети.

**Вкупен број на решени предмети:**

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 1172 предмети.

**Колку предмети останале незавршени:**

Како незавршени предмети во судот останале 190 предмети.

**2.Судска управа**

Во Основен суд во Крушево како предмети кои што се третираат од областа на судската управа се повеќе видови на предмети заведени во уписник и тоа: под СУ-СУ-07, СУ-ДОВ, СУ-СТРДОВ, СУ-ИЗЗ, УПП, и СПИ.

**Вкупен број на нерешени предмети од претходната година:**

Како нерешени предмети од претходната година останале 4 предмети.

**Вкупен број на новопримени предмети**:

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 186 предмети.

**Вкупен број на предмети во работа:**

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 190 предмети.

**Вкупен број на решени предмети:**

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 190 предмети.

**Колку предмети останале незавршени:**

Нема незавршени предмети од овој вид во судот.

### 3. Работа по оддели и квалитетот во работата

**А) Работа и квалитет на одлучување на Кривичниот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

**Вкупен број на нерешени предмети од претходната година:**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 111 предмети.

**Вкупен број на новопримени предмети:**

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 462 предмети.

**Предмети повторно во работа:**

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 7 предмети.

**Вкупен број на предмети во работа:**

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 580 предмети.

**Вкупен број на решени предмети:**

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 466 предмети.

**Колку предмети останале незавршени:**

Како незавршени предмети во судот останале 114 предмети.

2) Квалитет во работата

Од вкупен број на 184 решени предмети 11 предмети се потврдени што изнесува 6,0%, 7 предмети се укинати што изнесува 3,8%, 3 предмети се преиначени што изнесува 1,6%.

**Б) Граѓански Оддел**

**Работа и квалитет на одлучување во Граѓанскиот Оддел:**

**1. Предмети во работа**

**Вкупен број на нерешени предмети од претходната година:**

Во Основниот суд во Крушево вкупниот број на незавршени предмети од претходната година изнесува 116 предмети.

**Вкупен број на новопримени предмети:**

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 472 предмети.

***Предмети повторно во работа:***

Предмети повторно во работа во Основниот суд во Крушево се во вкупен број од 4 предмети.

**Вкупен број на предмети во работа:**

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 592 предмети.

**Вкупен број на решени предмети:**

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Крушево изнесува 516 предмети.

**Колку предмети останале незавршени:**

Како незавршени предмети во судот останале 76 предмети.

2) Квалитет во работата

Од вкупен број на 174 решени предмети 65 предмети се потврдени што изнесува 37,4%, 3 предмети се укинати што изнесува 1,7%, 2 предмети се преиначени што изнесува 1,1%.

### 4. Состојба со стари предмети

На крајот на тековната 2016 година во Основниот суд во Крушево евидентирани се 49 стари предмети и тоа 42 оставини од нотар и 7 предмети од видот Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал. Нема стари предмети по друг вид.

### 5. Кратки констатации за човечки ресурси

Основниот суд во Крушево својата функција во 2016 година ја извршувал со 22 вработени, од кои 3 судии, тука сметајќи го и Претседателот на судот, а останатите се технички персонал. Судот работи само со еден стручен соработник. Согласно систематизацијата на Основен суд Крушево предвидени се 26 работни места без судиите. Во текот на извештајниот период и во периодот од претходните годишни извештајни периоди, поради редовно пензионирање и други случаеви непополнети останале 10 работни места. Со оглед на обемот на работата приоритетно пополнување на работните места предвидени со Актот за систематизација на Основниот суд во Крушево се: еден стручен соработник, двајца технички секретари на судии-дактилографи и двајца судски приправници со оглед на фактот што во Основен суд во Крушево моментално се работи само со еден дактилограф.

### 6. Просторни капацитети

Просторните услови во Основниот суд во Крушево се на задоволително ниво. Сите вработени имаат соодветна канцеларија приспособена за својата работа. Канцелариите се опремени со потребните технички помагала (компјутери и печатари) кои се потребни за непречено извршување на работните задачи. Сепак во некои канцеларии опремата е застарена и се прават напори еден дел да се замени со понова која ќе одговара на бараните задачи. Зградата на Основен суд Крушево е обезбедена со тројца судски полицајци кои работат во две смени. Поради непотполнето едно работно место – судски полицаец, во трета смена судот е обезбеден од редовната полиција. Моментално во Основен суд Крушево активно во работа се 15 компјутери, една серверска конзола на која се инсталирани четири виртуелни машини и 12 локални ласерски печатари. Поголем дел од работните станици – компјутери се застарени, односно во функција се од 2003 година наваму. Судот располага и со еден видео дисплеј на кој се објавуваат насрочените предмети и други информации од јавен карактер. Од страна на програмските апликации во судот секојдневно се користат следните: АКМИС програмата за комплетна евиденција и движење на судски предмети, која во одредени периоди се надградува со нови верзии од страна на фирмата ЕДУСОФТ, АМБС програма за книговодствено, материјално и магацинско работење која се користи во целост и ФЕМИДА програмата за тонско снимање на граѓанските рочишта која комплетно е во функција и се користи од месец Мај 2013 година.

### 7.Заклучни констатации и согледувања

Во смисла на погоре изложеното може да се констатира дека Основниот суд во Крушево успеал да го совлада приливот на предмети во тековната 2016 година, бидејќи останале нерешени само 190 предмети имајќи го во предвид фактот што во наведената година новопримени предмети се 1119, а од претходната година како нерешени предмети останале 231, односно од вкупниот број на новопримени и предмети од претходната година како и предмети повторно во работа што изнесува вкупно предмети во работа 1362 предмети останале нерешени само 190 предмети.

Исто така може да се констатира дека Основниот суд во Крушево покажал и квалитет во работата. Ова од причини што од вкупниот број на обжалени предмети и тоа 358 предмети, потврдени се 76 предмети или 21,2%, 10 предмети се укинати или 2,8% и 5 предмети се преиначени или 1,4%.

По однос на ажурноста на судот сметам дека истиот е ажурен суд.Ова од следните причини:

Имено, од вкупниот број 1362 предмети во работа за 10,5 месеци, произлегува дека 130 предмети се земени месечно во работа.

Од вкупно 1172 предмети кои се решени за 10,5 месеци произлегува дека за еден месец се решавале по 112 предмети.

Ако од вкупниот број 1362 предмети земени во работа се одземат 1172 решени предмети, произлегува дека останале нерешени предмети 190 предмети.

Имајќи го во предвид наведеното, за да се решат преостанатиот дел од 190 нерешени предмети потребни се 1 месец и 21 ден. Оттука, произлегува дека Основниот суд во Крушево е ефикасен суд .

**8. Предлог мерки**

Сметам дека со пополнувањето на слободните работни места предвидени со Актот за систематизација на Основен суд Крушево и со надминување на вообичаените проблеми кои што се јавуваат по однос на информатичката технологија и човечките ресурси, ќе може Основниот суд во Крушево во иднина да биде уште поефикасен, поквалитетен и да нема нерешени предмети почитувајќи го притоа начелото на владеење на правото.

## ОСНОВЕН СУД ОХРИД

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Нерешени предмети на почетокот на годината 6.076, ново примени предмети 14.515, погрешно заведени 15, вкупно предмети во работа 20.576, вкупно решени предмети 16.518, нерешени предмети 4.058.

**2. Судска управа**

Нерешени предмети на почетокот на годината 41, ново примени предмети 815, вкупно предмети во работа 856, вкупно решени предмети 853, нерешени предмети 3.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

**Кривичен Оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината 4.303, ново примени предмети 8.420, погрешно заведени 13, вкупно предмети во работа 12.710, вкупно решени предмети 10.432, нерешени предмети 2.278.

**- Квалитетот на ниво на Оддел е следен:**

Од решените 10.432 предмети, потврдени се 10.175 или 97,5%, укинати 192 предмети или 1,8%, преиначени се 51 предмет или 0,5%, делумно укинати 8 предмети или 0.08%, отфрлени 6 предмети или 0,06%.

**Граѓански Оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината 1.732, ново примени 5.280, погрешно заведени 2, вкупно предмети во работа 7.010, вкупно решени предмети 5.233 и останале нерешени 1.777 предмети.

**- Квалитетот на граѓанскиот оддел е следен:**

Од вкупно решени 5.233 предмети, потврдени се 4.860 или 92,9%, укинати 264 предмети или 5%, преиначени се 72 предмети или 1,4%, делумно укинати 33 предмети или 0,6% и отфрлени се 4 предмети или 0.08%.

**4. Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Охрид има вкупно 543 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година.

По години структурата на стари предмети е следната: од 2007 година 2, од 2008 година 3, од 2009 година 5, од 2010 година 2, од 2011 година 14, од 2012 година 29, од 2013 година 112 и од 2014 година 376 стари нерешени предмети.

**5. Човечки ресурси**

Основен суд Охрид 2016 година ја заврши со вкупно 94 вработени од кои: 17 судии и Претседател на судот.

Како најприориритетни вработувања во судот треба да се пополнат следните работни места: раководни судски службеници – 3 извршители; информатичар – 1 извршител, дактилографи – 2 извршители и оператор на телефонска централа – 1 извршител.

**6. Просторни капацитети**

Основниот суд Охрид располага со две службени возила кои се во дотраена состојба, поради што, потребно е обновување на возен парк со квалитетни и економични возила.

Судската зграда е обезбедена со видео надзор, како и со картички за евиденција на пристап до судските простории, освен во просториите кои се наменети за странки.

**7. Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд во Охрид е ажурен суд од причина што, го совладал приливот на предмети за 2016 година, а воедно го намалил и заостатокот од нерешените предмети.

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Прилеп од претходната 2015 година останале нерешени 3558 предмети. Новопримени во 2016 година биле 17641 предмет, погрешно заведени 23 предмети. Од вкупно 21176 предмети во работа, решени се 17916 предмети, а останале нерешени 3260 предмети. Приливот на предмети е совладан, а заостатокот е намален за 275 предмети.

**2. Судска управа**

Вкупно во 2016 година во работа на судската управа биле 252 предмети, од кои 1 предмет нерешен од претходната година, а новопримени биле 251 предмет. Решени се вкупно 251, а останал нерешен 1 предмет.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

- **Кривичен оддел**

Судот годината ја започнал со заостаток од 2263 предмети, во 2016 година примил 9581 предмет и вкупно во работа од оваа област имал 11824 предмети. Во 2016 година биле решени 10131 предмет и останал остаток од 1693 нерешени предмети. Годишниот прилив е совладан и решени се 550 предмети повеќе од примените, со што за овие предмети е намален заостатокот на нерешени предмети во однос на претходната година.

- **Граѓански Оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот заостатокот од претходната година бил 1294 предмети, во извештајната година примени биле 7803 предмети, во работа биле вкупно 9094 предмети од кои се решени 7528 предмети, а останале 1566 нерешени.

Во граѓанскиот оддел не е совладан приливот и е зголемен заостатокот за 275 предмети во однос со 2015 година.

**4. Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2016 година од вкупно 4469 предмети, потврдени биле 395 предмети или 8,83%, укинати биле 128 предмети или 2,8%, а преиначени биле 36 предмети или 0,8%.

- **Квалитет на работа на Кривичниот оддел** – од решени 2141 предмети, потврдени се 88 предмети или 4,11%, укинати се 32 предмети или 1,49%, преиначени 7 предмети или 0,32%.
- **Квалитет на работа на Граѓанскиот Оддел** – од решени 2328 предмети, потврдени се 307 предмети или 13,18%, укинати се 96 предмети или 4,12%, делумно укинати се 22 предмети или 0,94% и преиначени се 31 предмет или 1,33% .

**5. Состојба со стари предмети**

Судот 2016 година ја завршил со вкупно 36 стари предмети и тоа 3 предмети од 2011 година, 3 предмети од 2012 година, 6 предмети од 2013 година и 24 предмети од 2014 година.

Во однос на претходната година, во 2016 година бројот на стари предмети е зголемен од 26 на 36.

**6. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во извештајната 2016 година судот работел со вкупно 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот. Еден судија бил времено упатен во Основниот суд Скопје I Скопје.

Основниот суд Прилеп има потреба од пополнување на работни места со судски службеници (раководители на кривичен и граѓански оддел, информатика и финансиско работење, како и книговодител за чие пополнување е укажувано во секоја ревизорска контрола).

**7. Просторни капацитети**

Основниот суд Прилеп има добри просторни капацитети. Постојат проблеми со напукнување и одделување на скалишниот дел од службениот дел од судската зграда и прокиснување на новиот дел на судската зграда, за што се неопходни финансиски средства.

Судот е опремен со информатичка опрема, но потребна е нејзина замена со нова современа опрема бидејќи истата е во лоша состојба поради дотраеност.

**8. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки**

Со оглед дека приливот на предмети во судот е совладан, а заостатокот е намален за 275 предмети, Основниот суд Прилеп е ефикасен суд.

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат работните места на судски службеници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за поправка и одржување на судската зграда, како и за набавка на нова опрема.

## ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Ресен од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 628 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 2976 предмети, 40 предмет кои повторно биле во работа и 1 предмет погрешно заведен.

Во текот на 2016 година на ниво на суд во работа биле вкупно 3643 предмети, од кои решени се 3071 предмети, додека 572 се водат како нерешени.

**2. Судска управа**

Во судската управа останал 1 нерешен предмет, а има 487 новопримени предмети од кои: 483 се решени, 5 нерешени.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 1378 предмети од кои решени се 1087, нерешени 291.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 1714 предмети, од кои: 1468 се решени, 246 не се решени.

**- Квалитет на работа по сите основи**

Вкупно решение предмети 3071, од кои: потврдени 59 односно 1.92 %, укинати 25 односно 0,81%, преиначени 9 односно 0,29%.

**4. Состојба со стари предмети**

Вкупно во работа 177 стари нерешени предмети, од кои 150 се решени, 27 остануваат нерешени.

**5. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2016 година биле вработени вкупно 22 лица. На 15.08.2016 година му престанал работниот однос на еден референт, по основ старосна пензија.

**6. Просторни капацитети**

Се констатираат релативно добри просторни капацитети, а што се однесува на информатичката технологија истата е застарена и не одговара на потребите на судот.

**7. Заклучни согледувања**

Ажурен суд - совладан прилив.

**8. Предлог мерки**

- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,
- Да се одржи континуитетот односно динамиката на работење.

## ОСНОВЕН СУД СТРУГА

Основниот суд во Струга претставува суд со проширена надлежност, кој својата функција ја извршува согласно член 30 и 31 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06,35/08,150/2010), кој постапува по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на Општина Струга.

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Струга од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 1223 предмети. Новопримени во текот на 2016 година биле 6558 предмети, 176 предмети се повторно во работа и погрешно заведени 14 предмети. Од вкупниот број предмети во работа 7943, решени биле 6935, а останале незавршени 1008 предмети.

**2. Судска управа**

-По однос на предметите од Судската управа, произлегува дека од вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година примени се 2 предмети.

-Во Основен суд во Струга како новопримени предмети во 2016 година се 1.986 предмети.

-Вкупно во работа се 1.988 предмети.

-Решени се 1.985 предмети.

-Останале нерешени 3 предмети.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

**А) Работа и квалитет на одлучување на Граѓанскиот Оддел:**

**а)Вонпарнични предмети:**

Како вонпарнични предмети во судот се водат: оставини по приговор, разни вонпарнични предмети, физичка делба, оставини, ВПП предмети, заверки и замолници од кои:

- Предмети во работа

Вкупен број на нерешени предмети од претходната година 2015 година во Основниот суд во Струга изнесува 690 предмети, а повторно заведени предмети од 2015 година се 19 предмети.

-Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Струга во 2016 година се 5.012 предмети.

-Повторно заведени во 2016 година се 62 предмети.

-Погрешно заведени во 2016 година се 5 предмети.

-Вкупно во работа се 5.788 предмети.

-Решени 4.952 предмети.

-Нерешени се 826 предмети.

**б)Извршно одделение**

Како извршни предмети во судот се водат: приговори против неправилности на извршување, против извршување, извршување по закон за семејство и издавање на дозволи.

- Предмети во работа

Во Основниот суд во Струга вкупниот број на незавршени предмети од претходната 2015 година изнесува 15 предмети.

-Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Струга во 2016 година изнесува 120 предмети.

-Повторно заведени 4 предмети.

-Вкупно во работа 139 предмети.

-Решени 132 предмети.

-Нерешени 7 предмети.

**в) Парнични предмети**

-Нерешени предмети од претходната 2015 година изнесува 542 предмети, а повторно заведени од 2015 година се 44 предмети.

-Новопримени предмети во 2016 година се 1.683 предмети.

-Повторно заведени во 2016 година се 95 предмети.

-Погрешно заведен е 1 предмет.

-Вкупно во работа во 2016 година се 2.363 предмети.

-Решени се 1.663 предмети.

-Останале нерешени 700 предмети.

-Вкупно за граѓанската област (вонпарнични, извршни и парнични) може да се констатира следното:

Нерешени од 2015 година 1.247 предмети, повторно заведени од 2015 година се 63 предмети. Новопримени предмети во 2016 година се 6.815 предмети. Повторно заведени во 2016 година се 161 предмет, а погрешно заведени се 6 предмети.

Вкупно во работа се 8.280 предмети од кои решени се 6.747 предмети, а останале нерешени 1.533 предмети.

2) Квалитет на одлуки на ниво на Граѓанскиот оддел

Квалитетот на одлуките во Граѓанскиот оддел изнесува 66,85%, бидејќи од вкупно 365 обжалени вратени предмети од по жалба 244 предмети се потврдени, 97 предмети се укинати, преиначени се 24 предмети.

**Б) Кривичен оддел**

**а) Работа и квалитет на одлучување во Кривичниот Оддел:**

**1. Предмети во работа од дејствија во претходна постапка**

Во Основниот суд во Струга вкупниот број на незавршени предмети од претходната 2015 година изнесува 4 предмети.

Вкупниот број на новопримени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 136 предмети.

Вкупниот број на предмети во работа изнесува 140 предмети.

Вкупниот број на решени предмети во Основниот суд во Струга изнесува 131 предмет.

Како незавршени предмети во судот останале 9 предмети.

**2.Извршување(санкции) во кривично**

**Предмети во работа од од Извршување (санкции) во кривично:**

-Вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година се 557 премети.

-Вкупен број на новопримени предмети се1.474 предмети.

-Вкупен број на предмети во работа се 2.030 предмети.

-Вкупен број на решени предмети се 1.552 предмети.

-Како незавршени предмети во судот од извршување (санкции) во кривично останале 479предмети.

**3. Кривично малолетни**

**Предмети во работа од Кривично малолетни:**

-Вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година е 1 предмет а повторно заведен е 1 предмет.

- Вкупен број на новопримени предмети се 1 предмет.

- Вкупен број на предмети во работа се 3 предмети.

-Вкупен број на решени предмети се 2 предмети.

-Како незавршени предмети во судот од кривично малолетни останале 1 предмет.

**4. Кривично полнолетни**

**Предмети во работа од Кривично полнолетни:**

-Вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година се 117 премети.

-Повторно заведени од 2015 година се 12 предмети.

-Вкупен број на новопримени предмети во 2016 година се 3.963 предмети.

-Повторно заведени предмети во 2016 година се 22 предмети.

-Вкупен број на погрешно заведени предмети се 1 предмет.

-Вкупен број на предмети во работа се 4.113 предмети.

-Вкупен број на решени предмети се 3.949 премети.

-Како незавршени предмети во судот од кривично малолетни останале 164 предмети.

**5. Оценка на обвинителен акт**

- Вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година се 3 предмети.
- Вкупен број на новопримени предмети се 27 премети.
- Вкупен број на предмети во работа се 30 премети.
- Вкупен број на решени предмети се 26 предмети.
- Како незавршени предмети во судот од Оценка на обвинителен акт останале 4 предмети.

**Квалитет на ниво на Кривичен оддел**

-Квалитетот на потврдени кривични предмети против полнолетни лица и кривични предмети против малолетни лица изнесува 68,96%, бидејќи од вкупно вратени обжалени одлуки, 40 се потврдени, 13 се укинати и 5 преправени.

-Квалитетот на одлуките во Кривичен оддел изнесува 62,77%, бидејќи од вкупно 231 обжалени вратени одлуки, 145 предмети се потврдени, 64 предмети се укинати, а 22 се преиначени.

**6. Прекршоци** Вкупен број на нерешени предмети од претходната 2015 година се 541 предмет, а повторно заведени од 2015 година се 68 предмети.

-Вкупен број на новопримени предмети во 2016 година се 957 предмети.

-Вкупен број на повторно заведени предмети се 72 предмети.

-Вкупен број на погрешно заведени предмети се 12 предмети.

-Вкупен број на предмети во работа се 1.626 предмети од кои решени се 1.275 предмети, а останале нерешени се 351 предмет.

**Квалитет на ниво на Прекршочен Оддел**

-Квалитетот на потврдени прекршочни предмети изнесува 59,50%, бидејќи од вкупно 163 вратени обжалени одлуки, 97 се потврдени, 49 предмети се укинати, а 17 се преиначени.

## 4. Состојба со стари предмети

Што се однесува за старите предмети, во 2015 година биле решени вкупно 171 стари предмети од кои 50 парнични предмети (1 стечаен предмет, 5 трговски спорови, 6 мала вредност, 4 по предлог за повторување, 23 имотни спорови, 10 облигациони спорови и 1 разни предмети, 20 кривични предмети, 72 прекршочни предмети, 15 вонпарнични предмети, 14 од извршување на санкции. На крајот од годината останале нерешени вкупно 98 стари предмети од кои 13 се кривично полнолетни, 23 прекршочни предмети, 25 извршувања на санкции, 25 парнични предмети (10 имотни, 5 облигациони односи, 9 трговски спорови 1 од работни односи), како и 12 вонпарнични предмети.

На крајот од 2016 година, ако се земе вкупниот број на предмети, како тие што се опфатени со ориентационата норма, така и оние кои не се опфатени со ориентациона норма, во граѓанскиот и кривичниот оддел произлегува дека останале нерешени 2.544 предмети, додека во 2015 година останале нерешени 2.615 предмети, имајќи ги во предвид повторно заведените. Оттука, произлегува дека во 2016 година остатокот е намален за 71 предмет. Ако се земе бројот на нерешени предмети на крајот од 2016 година, кои се опфатени со ориентациона норма, произлегува дека 9 предмети се од дејствија од претходна постапка, 116 кривични предмети против полнолетни лица. Вкупниот број на нерешени прекршочни предмети на крајот на 2015 година е 604, додека на крајот на 2016 година е 350 предмети, а останале вкупно нерешени и 479 предмети за извршување на санкции. Во граѓанскиот оддел на крајот од 2015 година останале нерешени 1.310 предмети, додека на крајот од 2016 година 1.533 предмети, што се должи на зголемениот прилив на вонпарнични предмети (ВПП), кои се однесуваат на легализација на трактори, тракторски приколки и пловни објекти, како и зголемениот прилив на парнични предмети од мала вредност и работни спорови.

Споредено со 2015 година кога на крајот на годината останале 90 стари нерешени предмети, во 2016 година остатокот на стари нерешени предмети е поголем за 8 предмети.

## 5. Кратки констатации за човечки ресурси

Во Основниот суд во Струга вработени се 73 лица од кои 14 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, а законски предвиден број на судии е 15. Од останатите 59

вработени во категоријата на раководни судски службеници, вработено е само едно лице – судски администратор, а останатите се стручни судски службеници, административно-технички судски службеници, судска полиција и помошен персонал, иако согласно актот за систематизација се предвидени и тоа вкупно 120 вработени.

**6. Просторни капацитети**

Судската зграда е релативно нова, односно пред 14 години се врши доградување и надградување на претходно постоечкиот објект, со целосно уредување и опремување, на кој начин се обезбедени пристојни услови за работа на вработените, а просториите на писарниците, судската полиција, останатите канцеларии и судниците се опремени со нов мебел, при што две од граѓанските судници се опремени со технологија за тонско снимање на процесите, а во 2014 година е побарано обезбедување на средства за опремување на уште две простории за аудио-видео снимање согласно новиот Закон за кривична постапка, но истите сеуште не се обезбедени. И покрај тоа, просторните услови не ги задоволуваат очекувањата на судот, бидејќи функцијата се остварува во објект во кои се сместени и други органи (Државно правобранителство и Основно јавно обвинителство).

**7. Заклучни констатации и согледувања**

Основниот суд Струга е ефикасен суд кој заостатокот на предмети согласно бројот на судиите може го совлада и тоа: за Кривично полнолетни сторители за период од 3 месеци, за Вонпарничниот и Стечајниот оддел за 3 месеци, за парничните предмети за 4 месеци. Во Прекршочниот оддел судот заостатокот на 350 предмети може да го совлада за период од 3 месеци.

**8. Предлог мерки**

За подобрување на состојбите во судот потребно е во најкус можен рок да се пополнат упразнетите работни места со административно-технички персонал. Потребно е вработување на советници, како и да се обезбедат неопходните материјални средства за непречено работење.

По однос на постигнатиот квалитет во просек по оддели, потребно е да се преземат напори за подобрување на квалитетот на работењето. За таа цел потребно е да се продолжи со едукацијата на судиите која што едукација видно од Извештајот од Основниот суд во Струга веќе се превзема по претходно дадените укажувања од страна на овој суд.

Во наредниот период најмногу внимание и итни мерки треба да се преземаат како за подобрување на квалитетот на работењето на судиите, пополнување на упразнетите места со неопходен кадар, така и за подобрување на техничката опременост на судот.

## <u>АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Апелациониот суд во Штип во 2016 година, на почетокот на годината, останале вкупно 515 нерешени предмети од претходната 2015 година. Новопримени се 3130 предмети, повторно во работа 25 предмети или вкупно во работа судот имал 3670 предмети. Од вкупниот број предмети решени се 3370 предмети, а останале нерешени 330 предмети.

**2. Судска управа**

Во 2016 година во судот имало 5 стари нерешени предмети од претходната 2015 година. Новопримени се 1546 предмети или вкупно во работа судот имал 1551предмет, од кои решени се 1551 предмет,што значи на крајот на годината немало нерешени предмети.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

**3.1. Работа по оддели**

**Во кривичниот оддел** од претходната 2015 година, останале нерешени 276 предмети, новопримени предмети во 2016 година се 1273,или вкупно во работа во 2016 година имало1553 предмети.Од вкупниот број предмет решени се 1457 предмети,а останале нерешени 96предмети.

**Во граѓанскиот оддел** од претходната 2015 година, останале нерешени 239 предмети, новопримени предмети во 2016 година се 1857, или вкупно во работа во 2016

година имало 2117 предмети.Од вкупниот број предмети решени се 1913 предмети, а останале нерешени 204 предмети.

**3.2. Квалитетот во работата по оддели**

**Состојбата со квалитетот на донесените одлуки е прикажана во сооднос со вкупно решените предмети.**

**Во кривичниот оддел** од вкупно решени 1450 предмети потврдени се 15 предмети или 1.03%, укинати се 3 предмети или 0,21% и преиначени се 3 предмети или 0,21%.

**Во граѓанскиот оддел** од вкупно решени 1857 предмети потврдени се 44 предмети или 2.37%, укинати се 14 предмети или 0,75% и преиначени се 5 предмети или 0,

**4. Состојба со стари предмети**

Состојбата со стари предмети на крајот на 2016 година е прикажана како состојба на незавршените предмети според годината на прием, и тоа според нивниот прием прв пат во основниот суд,на следниот начин.

По однос на кривичните предмети,незавршени останале:**Ксж**-3 предмети од 2016 година,**Кж**-31 предмет од кои 2 предмети-2012 година,4предмети-2013 година,5предмети-2014 година,7 предмети-2015 година,13 предмети-2016 година,**Пркж**-59 предмети од кои 2 предмети-2013 година,1 предмет-2014 година,14 предмети-2015 година,42 предмети-2016 година,**ЮЖМ**-2 предмети од кои 1 предмет-2015 година,а 1 предмет -2016 година.

По однос на граѓанските предмети,незавршени останале: **Гж**-142 предмети од кои по1 предмет-2009,2011,2013 и 2014 година, 50 предмети-2015 година и 74 предмети-2016 година,**РОЖ-12** предмети,од кои 1 предмет-2014 година, 2 предмети-2015 година, 9 предмети-2016 година,**ТСЖ**-50 предмети,од кои по 1 предмет-2010 и 2013 година,3 предмети-2014 година,22 предмети-2015 година и 23 предмети-2016 година.

**5. Кратки констатации за условите за работа во врска со човечките ресурси, опременост на судот и просторни капацитети**

Во текот на 2016 година, Апелациониот суд во Штип, на почетокот на годината имал 55 вработени,од кои 13 судии заедно со претседателот на судот,37 судски службеници и 5 припадници на судската полиција.Последователно,почнувајќи од месец јануари до средината на месец септември,состојбата се променила во правец на намалување на бројот на судиите и вработените,па така на крај на 2016 година судот имал 53 вработени од кои 12 судии заедно со ВД претседателот на судот,37 судски службеници и 4 припадници на судската полиција.Повеќе од 10 години во судот не е вработен хигиеничар,а од месец септември судот нема ни возач.Следствено на актуелната состојба се јавува потреба од приоритетни вработувања и тоа на хигиеничар,возач,припадници на судската полиција и судски референти,а за судиите потребно е да се изберат уште 4 судии.

**Просторните капацитети** на зградата на Апелациониот суд во Штип скоро во целост ги задоволуваат потребите за условите за извршување на работните задачи,освен што постои недостаток на простории за посоодветно сместување на судските советници и соработници,како и на записничарите.Последното произлегува од сеуште нерешеното прашање со сметувањето на обвинителствата кои и понатаму ги користат просториите на судската зграда.Судот располага со 2-две судници,од кои едната е опремена со систем за тонско снимање.Долгогодишен и реален и понатаму е проблемот со обезбедување на средства за греење кои се обезбедуваат од средствата на судот, а систем го користат и други институции и органи кои не партиципираат во трошоците.Движењето во зградата на судот се контролира електронски,но потребна е обука на судската полиција.Судската архива е добро средена,а обезбедена е и библиотека.

По однос на **информатичката технологија**, се констатира амортизираност на ИТ опремата,а особено на компјутерите,па во оваа смисла како и заради истекување на гаранциите на серверот и свичевите,набавката на резервните делови и тековното одржување наскоро ќе стане невозможно или нерентабилно.Кај серверите освен проблемот со амортизација и истекот на гаранциите,постои и проблем со постепено намалување на слободниот простор за нови податоци,посебно за тонските записи,како и за скенираните документи кои ќе се добиваат со модулот е-приемно одделение.**АКМИС** системот во судот во целост се применува во работењето по предметите,изготвување на извештаите,анонимизација и објавување на одлуките,електронски прием на предмети освен

оние од Јавното обвинителство,а редовно се врши електронска достава на покани до регистрираните адвокати.Останува потребата за набавување на лиценци за WINDOWS и OFFICE,програми за графички дизајн,софтвер за мултимедијални презентации,PDF Editor и друго, како и сопствен меил сервер и софтвер за автоматска енкрипција на податоци.

### 6. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки

Апелациониот суд во Штип во 2016 година работел како ажурен суд.

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека Апелациониот суд во Штип го совладал приливот и го намалил заостатокот за 215 предмети. Намалениот заостаток се должи на фактот што судиите во текот на 2016 година вложиле посебен ангажман во решавањето на предметите,со оглед на тоа да кривичниот оддел скоро цела година работел само со 4 судии, а и граѓанскиот оддел во еден период работел со 2 судии помалку.Во текот на годината по предметите постапувале 13 судии заедно со претседателот на судот,а од месец септември постапувале 12 судии заедно со ВД претседателот на судот. Квалитетот на донесените одлуки е на високо ниво.

Вкупниот број на нерешени предмети што останале на крајот на 2016 година,300 предмети, по сите основи,во однос на вкупниот број на судии кои постапуваат по предмети,12 судии,а согласно просекот на вкупната норма од сите видови на предмети,може да биде решен за 1-еден месец.

Неопходно е да се пронајдат решенија за долгогодишните проблеми со користење на зградата и системот за греење на судот од страна на други органи и институции кои не учествуваат во трошоците,а се на сметка на соодветното и достоинствено сместување на дел од администрацијата и на буџетот на Апелациониот суд Штип.Потребно е да се обезбедат и финансиски средства за осовременување и надградување на информатичката технологија како и за приоритетните вработувања.

## ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Берово од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 278 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 3129 предмети и повторно во работа 28 предмети, така да вкупен број на предмети во работа во 2016 година биле 3435. Од вкупниот број предмети во работа, во текот на 2016 година биле решени 2838, а останале нерешени 597 предмети, што укажува дека приливот не бил совладан за 319 предмет.

### 2. Судска управа

Во работењето на судската управа од претходната 2015 година немало нерешени предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 509 предмет и сите овие се решени во извештајната 2016 година.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работењето

Во **Кривичниот оддел** на Основниот суд Берово од претходната 2015 година останале нерешени 59 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2016 година биле 877 и 171 предмет повторно биле во работа во овој оддел, така да вкупниот број на предмети во кривичниот оддел во извештајната 2016 година бил 1048. Од овие предмети во 2016 година биле решени 776 предмети и останале нерешени 272 предмет. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел не бил совладан.

Во **Граѓанскиот оддел** на Основниот суд Берово од претходната 2015 година останале нерешени 181 предмет, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2016 година биле 362. Предмети кои повторно биле во работа во граѓанскиот оддел во текот на 2016 година во овој оддел во текот на 2016 година биле 462 предмети. Од овој број на предмети во 2016 година решени биле 281 предмет и останале нерешени 181 предмет. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел не бил совладан за 81 предмет.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Берово во 2016 година, според податоците од доставениот извештај од тој суд, од вкупниот број решени

предмети (1057) потврдени биле одлуките по 50 предмети или 69,4%, укинати биле 17 одлуки или 23,6% и 9 одлуки биле преиначени, односно 12,5%.

На ниво на оддел квалитетот во работата во Кривичниот оддел , според доставениот извештај е изразен на следниот начин;

Од вкупниот број решени предмети, одлуките биле потврдени во 6 предмети или 42,8%, укинати биле 6 одлуки или 42,8% и преиначена 1 одлука или 7,1%.

Во Граѓанскиот оддел од вкупниот број решени предмети, потврдени биле 38 одлуки или 76% и укинати 7 одлуки или 14%, додека нема преиначени одлуки.

**4. Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Берово во претходната 2016 година останале нерешени 28 стари предмети и тоа 3 предмети заведени со година на прием од 2012, а 9 предмети заведени со година на прием 2013 и 16 предмети заведени со година на прием 2014.

**5. Констатации за човечки ресурси**

Во извештајната 2016 година, во Основниот суд Берово воочен е проблем во диспропорција во однос на работното место – задачи, при што е констатиран недостиг на уписничари и дактилографи.

**6. Просторни капацитети**

Просторниот капацитет на Основниот суд Берово ги задоволува потребите за вршење на работите од областа на пружање на правна помош, односно остварување на правата на граѓаните. Овој суд и натаму се соочува со проблем на неуредни санитарни јазли за што е потребна инвестиција заради санирање на состојбата. Исто така, информатичката технологија е застарена, односно потребни се нови компјутери, принтери и фотокопир.

**7. Заклучни констатации и согледувања**

Со оглед на вкупниот број на предмети во работа по кои било постапувано во Основниот суд Берово во текот на 2016 година, во однос на претходната извештајна година, може да се заклучи дека на ниво на судот, не е совладан приливот за 319 предмети.

По однос на квалитетот на решавање на предмети, се забележува подобрување на квалитетот на работа, но сеуште има голем простор за подобрување на квалитетот при донесување на одлуките.

Во оваа насока се препорачува редовна едукација и следење на прописите од соодветната област, како и нивната практична примена во одлуките на судовите од повисок степен.

## <u>ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Виница од претходната 2015 година останале нерешени 248 предмети. Новопримени во 2016 година биле 2955 предмети, а повторно во работа 34 предмети. Од вкупно 3237 предмети во работа, решени се 2846 предмети, а останале нерешени 391 предмет. Приливот на предмети во судот не е совладан за 109 предмети.

- **Судска управа**

Во текот на 2016 година примени се 590 предмети и сите се решени до крајот на извештајната година.

**2. Работа по оддели и квалитет во работењето**

- **Кривичен оддел**

Судот годината ја започнал со заостаток од 190 предмети, во 2016 година примил 1359 предмети, предмети повторно во работа 20 и вкупно во работа од оваа област имал 1569 предмети. Во 2016 година биле решени 1355 предмети и останал остаток од 214 нерешени предмети.

Во кривичниот оддел не е совладан приливот за 4 предмети.

 **Граѓански Оддел**

Во граѓанскиот оддел на судот заостатокот од претходната година бил 58 предмети, во извештајната година примени биле 1596 предмети, предмети повторно во работа 14, во работа биле вкупно 1668 предмети од кои се решени 1491 предмети, а останале 177 нерешени.

Во граѓанскиот оддел не е совладан приливот за 105 предмети.

**3.Квалитет на работа по сите основи**

Во текот на 2016 година од вкупно решени предмети 949, потврдени биле 62 или 6,53%, укинати биле 32 предмети или 3,37%, а преиначени биле 7 предмети или 1,16%.

**Кривичен оддел** – од решени 410 предмети, потврдени се 20 предмети или 4,87%, укинати се 19 предмети или 4,63%, преиначени се 7 предмети или 1,71%.

**Граѓански оддел** – од решени 539 предмети, потврдени се 42 предмети или 7,79%, укинати се 13 или 2,41%, преиначени се 4 или 0,74%.

**4. Состојба со стари предмети**

Судот 2016 година ја завршил со вкупно 34 стари предмети и тоа 1 предмет од 2009 година, 2 предмети од 2010 година, 5 предмети од 2013 година и 26 предмети од 2014 година.

Во однос на претходната година, во 2016 година бројот на стари предмети е зголемен од 19 на 34.

**5. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во извештајната 2016 година судот работел со 3 тројца судии заедно со Претседателот на судот. Со Правилникот за организација и систематизација на работни места, во судот се систематизирани 27 работни места, а предвидени 40 извршители за поодделните работни места. Судот работел со 23 работници – извршители (двајца помалку од претходната година), од кои 4 стручни судски службеници, 13 административно-технички службеници, 5 судски полицајци и 1 вработен согласно Законот за работни односи. Во извештајот се истакнува дека ваквата пополнетост на работните места, не одговара на обемот на работа во судот, имајќи го во предвид вкупниот годишен прилив на предмети.

Судот има потреба од технички секретар, уписничар во кривичниот оддел, благајник-книговодител и двајца судски доставувачи.

**6. Просторни капацитети**

Зградата во која е сместен судот просторно и наменски не одговара, условите не ги задоволуваат потребите, судиите се сместени во нестандардни канцеларии заедно со записничарите.

Информатичката опрема во судот е стара повеќе од 5 години поради што работењето на АКМИС системот е забавено, па е потребна нејзина замена со нова современа опрема со цел да се зголеми сигурноста, стабилноста, но и брзината на системот.

**7. Заклучни констатации и согледувања со предлог мерки**

Со оглед дека приливот на предмети во судот не е совладан за 109 предмети, Основниот суд Виница не е ефикасен суд.

За подобрување на состојбите во судот потребно е подобрување на просторните услови за работа, инвестирање во опремата, како и пополнување на систематизираните работни места со административно-технички персонал.

## <u>ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во Основниот суд Делчево од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 956 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 5099 предмети и 65 предмети повторно во работа.

Во текот на 2016 година на ниво на суд во работа биле вкупно 6120 предмети,од кои решени се 5158 предмети, додека 962 се водат како нерешени.

**2. Судска управа**

Во работа 598 предмети, решени се 597 предмети.

• Работа по оддели и квалитет во работа

**- Граѓански оддел (област)**

Во работа биле вкупно 2538 предмети од кои 1992 се решени, 546 нерешени.

Квалитет на работа: Вкупно се решени 110 предмети, потврдени 85 односно 77,3%, преиначени 9 односно 8,2 %, укинати 16 односно 14,5%.

**- Кривичен оддел (област)**

Во работа биле вкупно 2984 предмети, од кои 2569 се решени , 415 нерешени.

**- Квалитет на работа по сите основи – на нови на суд**

Вкупно се решени 161 предмети, потврдени се 124 односно 77%, преиначени 15 односно 9,3%, укинати 22 односно 13,7%.

**3. Состојба со стари предмети**

Од вкупно 25 стари предмети во работа тековната 2014 година, решен е само 1 предмет (кривично полнолетни). По структура во работа биле12 предмети од граѓанската област и 13 од кривичната.

**4. Кратки констатации за човечки ресурси**

Во 2014 година вкупно биле вработени 39 лица, од кои двајца судии и еден технички секретар – дактилограф, заминале во пензија. Со одлука на Судски совет, во овој суд времено биле упатени да работат двајца судии од 15 март, односно 3 јуни 2014 година од Основните судови Кочани и Берово. Во тековната година судот работел со тројца судии со ВД Претседател, додека во систематизацијата се предвидени 5 судии со Претседател на судот.

**5. Просторни капацитети**

Основниот суд Делчево работи во зграда од која три простории користи Јавното обвинителство Делчево, со посебен влез. Се истакнува потребата од поставување на детекторска врата на влезот на судот и камери. Во овој суд се применува АКМИС системот. Една судница е опремена за тонско снимање на рочиштата и истата се користи. Во однос на информатичката технологија се истакнува проблемот на дотраеноста на компјутерите (просечна старост 13 години) и нивниот одраз во нормалниот тек на работењето.

**6. Заклучни согледувања**

Врз основа на изнесените податоци произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2016 година бил неажурен, бидејќи не успеал да го совлада приливот на предмети. Во почетокот на 2016 година, нерешени останале 956 предмети, а вкупно во 2016 година биле во работа 6.120 предмети, од кои решени се 5.158 предмети, додека 961 се водат како нерешени, **па произлегува дека Основниот суд Делчево во тековната 2016 година, бил неажурен бидејќи не успеал да го совлада приливот за пет (5) предмети.**

**7. Предлог мерки**

- Да се преземат мерки за обезбедување на потребната бројка на судии,
- Да се согледа можноста за техничко доопремување на судот,
- Да се одржи континуитетот, односно динамиката на работење

## <u>ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

• Од претходната 2015 година, во Основен суд Кочани останале незавршени 1257 предмети.

• Во текот на 2016 година, во Основен суд Кочани се оформени и примени во работа 11255 нови предмети, 117 предмети се повторно во работа и погрешно заведени се 2 предмети.

• Во текот на 2016 година, во работа биле вкупно 12627 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупно се решени 11197 предмети.

• Во текот на 2016 година, вкупниот број на нерешени предмети е 1430.

• Во текот на 2016 година, Основниот суд Кочани не го совладал приливот, а заостатокот е зголемен за 173 предмети.

**2. Судска управа**

• Вкупниот број на новопримени предмети во текот на 2016 година, е 2219.
• Вкупниот број на предмети во работа во 2016 година, е 2219.
• Вкупниот број на решени предмети во 2016 година е 2218.
• нерешени 1

**- Кривичен Оддел**

• Во текот на претходната 2015 година, во кривичниот оддел останале незавршени 993 предмети.

• Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел е 5603 предмети.

• Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2016 година е 6653 предмети

• Вкупниот број на решени предмети во текот на 2016 година во кривичниот оддел е 5696.

• Нерешени предмети до крајот на 2016 година, останале 957 предмети.

**Во кривичниот оддел совладен е приливот и е намален заостатокот за 36 предмети**

**-Квалитетот на Кривичниот оддел**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 85, односно 5,77%, укинати 43 односно 2,92% преиначени 12 односно 0,81%.

**-Граѓански Оддел**

• Во текот на претходната 2015 година, во граѓанскиот оддел останале незавршени 264 предмети.

• Вкупниот број на новопримени предмети на истиот оддел во текот на 2016 година е 3433 предмети.

• Вкупниот број на предмети во работа во текот на 2016 година е 3755 предмети.

• Вкупниот број на решени предмети во текот на 2016 година во граѓанскиот оддел е 3283 предмети.

• Нерешени предмети во крајот на 2016 година останале 472 предмети.

- Во граѓанскиот оддел не е совладан приливот и е зголемен заостатокот за 208 предмети.

**-Квалитетот на граѓаскиот оддел**

Од обжалените предмети и кои се вратени во текот на извештајната година, се потврдени 184, односно 16,12%, укинати 55 односно 4,82% преиначени 11 односно 0,96% .

**3. Состојба со стари предмети**

Во Основниот суд Кочани во работа има 102 стари предмети, од кои: 42 кривични, 44 прекршочни, 16 граѓански, причините се не достапност на обвинетите и поради вештачењата.

**4. Кратки констатации за условите работа**, во врска со човечките ресурси, опременост на судот, просторни капацитети .

- Човечки ресурси: 7 судии, 45 судски службеници и 4 вработени по Законот за работни односи,

- Опременост на судот: само 3 судници, треба дополнителни судници, проблеми со системот за тонско снимање.

Основниот суд Кочани според критериумите за пресметување на ефикасноста не е ажурен суд, бидејќи не го совладал приливот во текот на 2016 година.

**5. Предлог мерки**

Потребно изнаоѓање на решение за простори за судници.

## ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ

### 1. Обем на работа

Во извештајната 2016 година имал во работа 8.227 предмети, од кои 608 предмети кои како незавршени се пренесни од претходната година, 7.482 новопримени предмети, 139 предмети повторно во работа и 2 погрешно заведени. Споредбено во однос на претходната година кога обемот на работа изнесувал 9.617 предмети, истиот е намален за 1.390 предмети.

Во оваа година приливот на новопримените изнесува 7.482 кој спореден во однос на претходната година преставува намалување за 1.703 предмети.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 7.745 пред што споредбено со претходната година кога биле решение 9.009 предмети, што е за 1.264 предмети помалку решени.

Заклучно со 31.12.2016 година незавршени предмети останале 482, што претставува намалување на заостатокот незавршени предмети за 126 предмети во однос на претходната година.

### 2. Работа на судот во рамките на судската управа

Во текот на 2016 година судот имал во работа вкупно 1.050 предмети од кои решени се 1.047, а останале нерешени 3 предмети. Споредбено со 2015 година кога судот имал 982 и сите се решени.

### 3. Состојба по оддели и квалитет во работата

**- Кривичен оддел**

Во кривичниот оддел во извештајната 2016 година вкупно во работа имало 1.232, од кои 373 пренесни како нерешени од претходната година, 798 се новопримени предмети и 61 повторно заведени. Во текот на 2016 година решение се 1.080, а останале за решавање 152 предмети.

Споредбено со 2015 година кога имало вкупно предмети во работа 2.684, оваа година имале намалување за 1.452 предмети, а иста состојба е и со решените во 2015, 2.311 или намалување и нерешени прдмети за 1.231.

Квалитетот на работата на овој оддел е следен: од вкупно решените предмети 1.080 – обжалени биле вкупно 316 од кои 251 или 23,72% потврдени, 58 или 5,46% укинати и 7 односно 0,65% преиначени.

**- Граѓански оддел**

Во извештајната 2016 година биле примени 619 предмети, пренесени од претходната година 91, повторно заведени 65 или вкупно 769, од нив решение се 584 – остаток на нерешени предмети е 184.

Во извештајната 2016 година евидентирани се 217 новопримени оставински предмети, кои се проследени во работа кај нотарите како повереници на судот.

Нотарите во текот на 2016 година имаат постапувано со пренесените предмети од 2015 година вкупно во работа 323, од кои решени се 228 предмети, останале нерешени 95 предмети.

Квалитетот на работа на овој оддел е следен: од вкупно решените 584 предмети – обжалени биле 157 од кои 87 или 14,8% потврдени, 59 или 10,10% укинати и 11 или 1,8% преиначени.

### 4. Состојба со стари предмети

Во текот на извештајната 2016 година судот постапувал по 38 стари нерешени предмети со пренесените 8 предмети од 2015 година, па останале 18 стари нерешени предмети.

### 5. Просторни капацитети

Основниот суд Радовиш е сместен во зграда во која покрај судот се сместени и Основното јавно обвинителство, Подрачна единица на Агенција за катастар и Управата за јавни приходи. Сите органи користат заеднички влез, дворно место и делумно заедничка инсталација, кое предизвикуваат проблеми во делот на обезбедување соодветна безбедност на луѓето и имотот. Потребни се средства за инсталација на опрема за видео надзор и

поставување врати за контролен пристап. Судот има 3 сали за судење од кои само едната е опремена за тонско снимање, а има потреба од обновување на компјутерите, заради обезбедување критериуми за употреба на системот АКМИС.

- Во текот на 2016 година судската функција ја извршувале Претседателот и тројца судии. Двајца судии со решение на Судски совет на РМ се делегирани во Основниот суд Штип и Основниот суд Свети Николе. Непотполнети се 9 места според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, поради неможност за обезбедување на финансиски средства не е дозволено пополнување на слободните работни места во судската служба.

**6. Заклучни констатации и согледувања**

Судиите и останатите вработени на овој суд вложиле максимални напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот, па треба да продолжат со заложбите за ажурно и квалитетно постапување во насока на решавање на поголем број предмети постигнувајќи уште подобар квалитет во пресудувањето, како и постојано стручно усовршување.

Заради остварување на минимални стандаради за безбедност на вработените и имотот на судот од исклучителна важност е обезбедување средства за инсталирање опрема за видео надзор и поставување врати за контролен пристап.

Недостаток во посакуваната динамика во функционирањето на судот е недоволната информатична технологија, застареноста на компјутерската опрема која не го поседува потребниот капацитет за спроведување дејствија од програмата АКМИС. Неопходно е потребно обновување на информатичката технологија на судот.

## <u>ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ</u>

**1. Предметно работење на ниво на суд**

Во текот на 2016 година во Основниот суд Свети Николе, нерешени од претходната година останале 448 предмети, новопримени биле 3.065 предмети, повторно во работа се 56 предмети, погрешно заведени 8 предмети, вкупно во работа биле 3.561 предмет, решени се 3.157 предмети, а останале нерешени 404 предмети.

**2. Судска управа**

На почетокот на извештајната 2016 година бил нерешен 1 предмет, новопримени предмети 933, вкупно во работа биле 934 предмети и сите се решени.

**3. Работа по оддели и квалитет во работењето**

**- Кривичен оддел**

На почетокот на 2016 година нерешени 104 предмети, новопримени се 1.432 предмети, повторно во работа се 33 предмети, погрешно заведен 1 предмет, вкупно во работа 1.568 предмети, решени се 1.457 предмети, а останале нерешени 111 предмети.

Квалитетот на работата во овој оддел е следен: од вкупно решените 1.457 предмети, потврдени се 57 предмети или 3,91%, укинати се 27 предмети или 1,85% и преиначени 4 предмети или 0,27%.

**- Граѓански оддел**

Нерешени предмети на почетокот на годината 344, новопримени се 1.633 предмети, повторно во работа се 23 предмети, погрешно заведени 7 предмети, вкупно во работа 1.993 предмети, решени се 1.700 предмети, а останале нерешени 293 предмети.

Квалитетот на работа во овој оддел е следен: од вкупно решени 1.700 предмети потврдени се 82 предмети или 4,82%, укинати се 16 предмети или 0,94% и преиначени се 5 предмети или 0,29%.

Квалитетот на работењето на ниво на суд е следен: од вкупно решените 3.157 предмети, потврдени се 139 или 4,4%, укинати се 43 предмети или 1,36% и преиначени се 9 предмети или 0,28%.

**4. Состојба со стари предмети**

На крајот на извештајната 2016 година, од предметите кои ги решавале судиите, останале нерешени 2 стари предмети од кривично-полнолетни од кои едниот првпат заведен

во 2012 година, а вториот првпат заведен во 2014 година и еден имотен спор првпат заведен во 2014 година.

### 5. Човечки ресурси

Во Основниот суд Свети Николе за обавување на судиската функција со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, објавена во "Сл.весник на РМ" бр.213 од 03.12.2015 година, се предвидени 4 судии. Во текот на 2016 година судиската функција ја извршувале 3 судии избрани во судот и еден судија делегиран од Основен суд Радовиш.

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места во овој суд, се систематизирани 23 работни места, а предвидени се 36 извршители за поодделните работни места.

Овој суд во текот на 2016 година работеше со 21 судски службеник од кои 4 стручни судски службеници, 12 административно-технички службеници, 4 судски полицајци и 1 работник по Законот за работни односи.

Има потреба од приоритетно вработување на уште двајца извршители – судска полиција, а воедно согласно систематизацијата има непополнети повеќе работни места, кои се детално наведени во Извештајот за работа на овој суд за 2016 година.

### 6. Просторни капацитети

Зградата на Основниот суд Свети Николе е изградена во 1976 година. Судиите се сместени во посебни канцеларии, а има работни канцеларии и за останатите вработени во судот.

Просторните капацитети во судот задоволуваат, потребно е да се променат прозорците, а исто така има потреба од стандарден кров на судската зграда.

### 7. Заклучни констатации со предлог мерки

Судиите и останатите вработени во овој суд, вложиле напори за совладување на приливот и намалување на заостатокот. Овој суд се смета за ажурен суд, бидејќи приливот на предметите во целост го има совладано.

Судиите, стручните соработници, како и останатите вработени треба и натаму да продолжат со заложби за ажурно и квалитетно водење на постапките, во насока на решавање на поголем број на предмети, постигнување на уште подобар квалитет во пресудувањето, како и постојано стручно усовршување на судиите.

## <u>ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА</u>

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Струмица од претходната 2015 година останале нерешени вкупно 3251 предмет, а новопримени во текот на 2016 година биле 23053 предмети. 209 предмети повторно биле во работа пред овој суд и 27 предмети погрешно биле заведени. Вкупен број на предмети во работа во 2016 година биле 26486, од кои, во текот на 2016 година биле решени 23616, а останале нерешени 2870 предмети, што укажува дека остатокот на нерешени предмети е намален за 381 предмет, а приливот совладан за 563 предмети.

### 2. Судска управа

Во работењето на судската управа од претходната 2015 година останале нерешени 3 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 2565, така да вкупно во работа во судската управа во текот на 2016 година биле 2568 предмети. Од овој број на предмети, во извештајната 2016 година.решени биле 2565 предмети, а останале нерешени 3 предмети.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работењето

Во **<u>Кривичниот оддел</u>** на Основниот суд Струмица од претходната 2015 година останале нерешени 1910 предмети, новопримени предмети од овој вид во текот на 2016 година биле 14065, погрешно заведени биле 15 предмети, а 140 предмети повторно биле во работа во овој оддел. Вкупниот број на предмети во кривичниот оддел во извештајната 2016 година бил 16100, од кои во 2016 година биле решени 14857 предмети и останале нерешени 1243 предмети. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел бил совладан за 667 предмети.

Во **<u>Граѓанскиот оддел</u>** на Основниот суд Струмица од претходната 2015 година останале нерешени 1341 предмет, а новопримени предмети од овој вид во текот на 2016 година биле 8988. Предмети кои повторно биле во работа во граѓанскиот оддел во текот на 2016 година биле 69 и 12 предмети погрешно бил заведени. Вкупно во работа во овој оддел во текот на 2016 година биле 10386 предмети, од кои во 2016 година решени биле 8759 предмети и останале нерешени 1627 предмети. Ова укажува на фактот дека приливот во овој оддел не бил совладан за 286 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Струмица во 2016 година, според податоците од доставениот извештај од тој суд, од вкупниот број решени предмети на ниво на суд (5341) потврдени биле одлуките по 676 предмети или 12,66%, укинати биле 160 одлуки или 3,0 и 49 одлуки биле преиначени, односно 0,92%.

На ниво на оддел квалитетот во работата во <u>Кривичниот оддел</u>, според доставениот извештај е изразен на следниот начин:

Од вкупниот број решени предмети (3439), одлуките биле потврдени во 391 предмет или 11,37,0%, укинати биле 99 одлуки или 2,88% и преиначени 28 одлуки или 0,81%.

Во <u>Граѓанскиот оддел</u> од вкупниот број решени предмети (1902), потврдени биле 285 одлуки или 14,98%, укинати 61 одлука или 3,21%, а преиначени 21 одлука или 1,10%.

### 4. Состојба со стари предмети

Во Основниот суд Струмица од претходната 2015 година останале нерешени 128 предмети постари од 2 години. Извештајната 2016 година била завршена со остаток од 103 стари предмети, што значи дека бројот на стари предмети е намален за 25. Од вкупниот број стари предмети (103), постари од 7 години се 6 предмети, а во останатите 96 предмети постапката трае помеѓу 2-6 години.

### 5. Констатции за човечки ресурси

Според систематизацијата во Основниот суд Струмица предвидено е бројот на судии да изнесува 20, но во текот на извештајната 2016 година судиската функција ја извршувале 16 судии заедно со Претседателот на судот.

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Струмица, предвидени се 121 работно место од кои пополнети се 78 и тоа: раководни судски службеници – 1 извршител; стручни судски службеници – 15 извршители; административно-технички службеници – 51 извршител; судска полиција – 6 извршители и вработени согласно Законот за работни односи – 5 извршители.

### 6. Просторни капацитети

Објектот на Основниот суд Струмица во периодот од 2004-2009 година бил реновиран, набавен нов мебел, извршено реновирање на архивите, набавени биле нови метални плакари, во сите судници и канцеларии постојат клима уреди, така што во наредниот период во оваа насока нема потреба од дополнителни инвестиции.

Единствено овој суд се соочува со проблеми за одржување на хигиената во зградата, бидејќи просториите кои ги користи (подрумски простории, приземје и три ката) ги одржуваат три хигиеничарки, што е недоволно, имајќи го предвид бројот на вработени и странките кои секојдневно доаѓаат во судот. За надминување на ваквата состојба, се бараат средства со буџетот да се обезбеди вработување од најмалку еден хигиеничар. Обезбедувањето на зградата се врши од страна на судска полиција, камери за видео надзор и метал детектори. На овој начин се обезбедени внатрешниот дел од објектот и просторот околу зградата, но судот има потреба од апарат за скенирање.

### 7. Заклучни констатации и согледувања

Со оглед на вкупниот број на предмети во работа по кои било постапувано во Основниот суд Струмица во текот на 2016 година, во однос на претходната извештајна година, може да се заклучи дека на ниво на судот, остатокот на нерешени предмети е намален за 381 предмет, имајќи предвид дека во 2016 година останале нерешени 2870 предмети, во однос на претходната 2015 година во која имало 3251 нерешен предмет. Овој факт, како и фактот на поголемиот број решени предмети (23616) во однос на новопримените во текот на 2016 година (23053), што значи дека приливот е совладан за 563 предмети, укажува на **ажурност** на Основниот суд Струмица.

## ОСНОВЕН СУД ШТИП

### 1. Предметно работење на ниво на суд

Во Основниот суд Штип од претходната 2015 година останале незавршени вкупно 2753 предмети, а новопримени во текот на 2016 година биле 13346 предмети, 2 предмети биле погрешно заведени, така да вкупен број на предмети во работа во2016 година биле 16097. Од вкупниот број предмети во работа, решени биле 13364, а останале незавршени 2733 предмети, што значи дека остатокот на нерешени предмети бил намален за 20 предмети во однос на претходната година. Со оглед на бројот на бројот на решени предмети (13364), како и новопримени предмети (13346), произлегува дека приливот на ниво на суд бил совладан за 18 предмети.

### 2. Судска управа

Во судската управа од претходната година не останал ниту еден нерешен предмет од претходната година, а новопримени биле 1049 предмети и по сите тие предмети било постапено, така што нема нерешени предмети во судската управа.

### 3. Работа по оддели и квалитет во работењето

Во **кривичниот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 1872 предмети, а новопримени биле 8499 предмети, додека пак 2 предмети биле погрешно заведени, така да во текот на 2016 година во овој оддел во работа биле вкупно 10369 предмети. Од овие предмети решени биле 9038 предмети, а останале нерешени 1331 предмет, што значи дека во кривичниот оддел на Основниот суд Штип, остатокот на нерешени предмети бил намален за 541 предмет во однос на претходната година, а приливот бил совладан за 539 предмети.

Во **граѓанскиот оддел** од претходната извештајна година, останале нерешени 881 предмет, новопримени биле 4847 предмети, така да во текот на 2016 година во овој оддел во работа биле вкупно 5728 предмети. Од овие предмети решени биле 4306 предмети, а останале нерешени 1402 предмети, што значи дека во граѓанскиот оддел на Основниот суд Штип, остатокот на нерешени предмети бил зголемен за 521 предмет во однос на претходната година, но приливот бил совладан за 18 предмети.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Штип во кривичниот оддел во текот на 2016 година од вкупно решените 9038 предмети, против 179 одлуки или 1,9% била поднесена жалба. Од овој број на предмети, 116 одлуки биле потврдени или 1,2%, преиначени биле 11 одлуки или 0,1% и укинати 35 одлуки или 0,3%.

Во однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Штип во граѓанскиот оддел во текот на 2016 година од вкупно решените 4326 предмети, против 575 одлуки или 13,2% била поднесена жалба. Од овој број на предмети, 439 одлуки биле потврдени или 10,1%, преиначени биле 27 одлуки или 0,6% и укинати 80 одлуки или 1,8%.

На ниво на судот по однос на ***квалитетот*** при одлучувањето, во Основниот суд Штип, од вкупно решените 13364 предмети, против 754 одлуки или 5,6% била поднесена жалба. Од овој број на предмети, 555 одлуки биле потврдени или 4,1%, преиначени биле 38 одлуки или 0.2% и укинати 115 одлуки или 0,8%.

### 4. Состојба со стари предмети

Од претходната 2015 година, во Основниот суд Штип останале нерешени 89 стари предмети, примени биле 128 предмети, така да вкупно во работа биле 217 предмети. Во текот на 2016 година решени биле 127 предмети, а останале нерешени 90 стари предмети и тоа: од 1998 година - 1 предмет за извршување на санкции; од 2002 година – 2 стечајни предмети; од 2003 година – 1 стечаен предмет; од 2004 година - 2 стечајни предмети и 5 предмети за ликвидација; од 2006 година – 1 предмет за постапка за ликвидација; од 2010 година - 1 стечаен предмет, 2 кривични предмети и 1 предмет за извршување на санкции; од 2011 година – 1 кривичен предмет; од 2012 година – 7 стечајни предмети, 2 кривични предмети, 3 предмети за извршување на санкции и 2 трговски спорови; од 2013 година – 9 стечајни предмети, 3 кривични предмети и 9 предмети за извршување на санкции и 0д 2014 година - 6 кривични предмети, 18 предмети за извршување на санкции, 4

трговски спорови, 4 спорови од областа на облигационите односи, 1 предмет за повторување на парничната постапка, 2 постапки по платни налози и 3 постапки за физичка делба.

**5. Кратки констатации за човечки ресурси**

Според актите за систематизација во извештајната 2016 година, во Основниот суд Штип биле предвидените 140 вработени, меѓутоа пополнети биле 89 работни места. Предвидените работни места за раководните стручни службеници и за стручните соработници не биле пополнети.

Во овој суд биле спроведени обуки на вработените на соодветните работни места за тонско снимање на рочишта, за електронска достава и за анонимизација на судските одлуки, како и за скенирање на документите, што резултирало со позитивни ефекти.

Состојбата со обезбедување на безбедноста не е соодветна на потребите, бидејќи во зградата на судот постојат два влеза и три места за судска полиција во која се распоредени тројца извршители, меѓутоа истите работат во смени, така да се случува еден припадник на судската полиција да го обезбедува целиот објект, што е недоволно.

**6. Просторни капацитети**

Опременоста на Основниот суд Штип, според приложениот годишен извештај, не е на задоволително ниво. При изготвување на буџетот за 2016 година, биле побарани средства за реконструкција на одделението во Пробиштип, потоа средства за набавка на компјутери и компјутерска опрема, клима уред, внатрешни врати, оградување на серверот, реконструкција на електричната инсталација, камера за видео надзор со рекордер. Одобрени биле средства за набавка на апарат за фотокопирање, која е реализирана, но останала нереализирана набавката на средства за оградување на просторијата за серверите и поставување на алуминиумски врати. Во Основниот суд Штип недостасува простор и адекватни ормари за чување на архивираните предмети од траен карактер.

Во судот постјат три судници кои се опремени со мебел и компјутерска техника, со тоа што судењето преку монитори, може да се следи од страна на сите учесници во постапката.

Во две судници има инсталирано опрема за тонско снимање, која е недоволна за да се задоволат потребите за судење, така да вообичаено судењата се одвиваат во канцелариите на судиите. За одделението во Пробиштип обезбеден е и опремен простор од 4 канцеларии, 1 судница и 2 помошни простории со посебен влез, така да тој простор е доволен за остварување на функцијата на одделението.

**7. Заклучни констатации и согледувања**

Со оглед на вкупниот број на предмети во работа по кои било постапувано во Основниот суд Штип во текот на 2016 година, во однос на претходната извештајна година, може да се заклучи дека на ниво на судот, остатокот на нерешени предмети е намален за 20 предмети, имајќи предвид дека во 2016 година останале нерешени 2733 предмети, во однос на претходната 2015 година во која имало 2753 нерешен предмет. Овој факт, како и фактот на поголемиот број решени предмети (13346) во однос на новопримените во текот на 2016 година (13346), што значи дека приливот е совладан за 18 предмети, укажува на **ажурност** на Основниот суд Штип.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**